Црвен крст на Република Македонија
Kryqi i kuq i Republikës së Maqedonisë

# ЦКА-ПХВ
# KKA-PVH




CIVICA MOBILITAS | *Citizens for change!*

Програмата Црвен крст во Акција- Промоција на Хумани Вредности (ЦКА-ПХВ) веќе 17 години претставува национална алатка за привлекување и задржување на волонтери во Црвениот крст. Истата се имплементира во сите Општински организации на Црвениот крст и на годишно ниво обучува 1200 младинци, потенцијални волонтери во организацијата.

Младите добиваат обука за вредностите на Црвениот крст, учат за културата како систем од вредности, за културата на дијалог како основен предуслов за градење на интеркултурно опшество.Тие добиваат и практични знаења како да изработуваат мали проекти а при тоа се охрабрени да ги користат сопствените капацитети за изработка на проектите преку кои помагаат на ранливото население во местата каде што живееат.

Во текот на цилкусот во 2016 година обуката ја поминаа 1274 младинци, 1108 од нив изработија 184 мали проекти, вложија 28.555 волонтерски часа, помогнаа на 3.790 лица и беа собра 24.630 евра од заедницата за заедницата.

Имплементацијата на програмата Црвен крст во Акција-Промоција на Хумани Вредности (ЦКА-ПХВ) оваа година беше овозможена со поддршка на CIVIKA Mobilitas.

# Кратки резимеа од проектите – 2016

**Нова – *„Мали дела, голема цел“***

Целта на овој проект беше да се обезбедат подобри услови за хигиена и работа за децата од Дневниот центар за деца на улица во Скопје. За да ја остварат својата цел младите организираа хуманитарен настан во нивното училиште на кое што настапуваше бенд, а имаше и конкурс за фотографија за кој претходно се одржа работилница за изработка на рамки за слики. Со реализирање на настанот тие успеаа да соберат 11 000 денари со кои успеаа да обезбедат маси, столови, училишен прибор и храна.

Изработиле: Мија Јовчевска, Геле Робев
Дисеминатор: Соња Стојкович

**Клуб на млади Шуто Оризари – *„Со дружење и насмевка до повеќе знаења“***

Целта на овој проект беше да се помогне на 13 ученици од ОУ „26 јули“ и 17 ученици од ОУ „Браќа Рамиз и Хамид“ кои имаат потешкотии со учењето, преку реализирање на часови за зголемување на знаењето по училишните часови и бон тон однесување.
Во текот на реализацијата на проектот тие усепале да одржат вкупно 14 менторски часови, 9 во едното и 5 во другото училиште со тоа што успеале да подучат вкупно 20 ученици. Часовите биле одржувани на интерактивен начин, а на крајот бил одржан и квиз преку кој се проверило знаењето на децата кои учествувале на овие часови.

Изработиле: Елмедина Шабаноска, Надир Усеин, Данка Селим, Шукри Ибраимов, Себијан Али
Дисеминатор: Усеин Мемет

**Клуб на млади Шуто Оризари – *„Подари грижа – сподели љубов“***

Целна група на овој проект биле самохран татко и неговото дете со посебни потреби, на кои им биле потребни храна, облека, душек за спиење, лекарства,

перници и јоргани. Младите што го изработуваа овој проект за да помогнат на ова семејство организираа собирна акција во ОУ „Браќа Рамиз и Хамид“ преку која собраа 2 100 денари и успеаа да обезбедат храна, перници и јоргани, додека како донација успеаа да обезбедат и душек за семејството.

Изработиле: Леонардо Сали, Нахмир Усеин, Фетије Сефер, Ашмет Сулејман, Реџеп Мухједин
Дисеминатор: Усеин Мемет

**Клуб на млади Шуто Оризари – *„Исполни желба за искрена детска насмевка“***

Младите кои го изработуваа овој проект имаа за цел да мотивираат 16 деца на возраст од 7-15 години од Дневениот детски центар да продолжат со образованието со цел да ги остварат своите соништа и идеали. Преку различни обуки за учење на основни животни вештини и правење на симулации на професии со децата тие успеаа да мотивираат 14 деца од Дневниот центар да продолжат да си ги следат сонишатата. Симулациите беа направени според желбите на децата откако тие одговорија на прашањето „Што сакаш да бидеш кога ќе пораснеш?“.

Изработиле: Албина Џемаиљи, Ален Исмаил, Муамет Мустафа, Ќерим Мамуд, Стивен Беџед, Рахман Сулејман
Дисеминатор: Усеин Мемет

**ООЦК Струмица – *„Учиме прва помош“***

Целта на овој проект беше да се информираат лицата со оштетен слух и говор за најосновните работи кои ги опфака Првата помош, исто така и децата на возраст од 4 до 6 години како дел од секојдневието да бидат информирани и да знаат како да помогнат на најбрз и наедноставен начин на некој кој му е потребна помош.
За да ја остварат својата цел младите волонтери одржаа 10 работилници во повеќе градинки низ градот. Преку интерактивен метод и со помош на боенки тие успеаа да ги научат децата за значењето на првата помош и тоа како тие можат да ја применат кога ќе биде потребно.

Изработиле: Катерина Накова, Андреј Стојанов, Илхан Мемедов, Зорица Јованова, Христина Костадинова, Валерија Чукарска, Гонце Панделишева-ментор
Дисеминатор: Ѓургица Илиева

**ООЦК Струмица – *„Потопол дом за баба Даница“***

Во овој проект младите сакаа да помогнат на баба Даница, која шивее во едно село во близина на Струмица, така што ќе и обезбедат шпорет на дрва со кој ќе може да се грее во ладните денови. За да ја оставарат својата цел тие организираа продажба на рачни изработки за денот на жената, прикажување на хуманитарна театарска претстава и продажба на рачно изработени цвекиња за празникот Лазарова сабота. Со реализација на активностите младите успеаа да обезбедат доволно средства за да и купат шпорет на дрва на баба Даница и дополнително да и купат пакети со храна и хигиена.

Изработиле: Милица Миова, Александар Момчилов, Васе Трендов, Андреј Стојанов, Гонце Панделишева, Симона Миланова -ментор
Дисеминатор: Ѓургица Илиева

**ООЦК Струмица – *„Патот до хуманоста, солидарноста и универзалноста“***

Младите кои го изработуваа овој проект имаа за цел да го доближат Црвениот крст поблиску до населението и да ги информираат за неговата локација. Во соработка со одговорните институции и локалната фирма Арт Медиа тие изработија 3 информативни знаци кои покажуваат во кој правец и на колку метри оддалеченост се наоѓаат просториите на Црвениот крст.

Изработиле: Ирена Мучева, Анѓела Јованова, Озлем Арифова, Дејан Трендов, Васе Трендов
Дисеминатор: Ѓургица Илиева

**ООЦК Струмица – *„Сите сме со тебе“***

Целта на овој проект беше да се обезбедат финансиски средства кои му се потребни на едно 21-но годишно момче за уплата на државниот испит, со цел тој да добие лиценца за работа и секако да му се овозможи понатамошно вработување.
За таа цел младите организираа хуманитарен турнир во фудбал во салата на училиштето „Димитар Влахов“ во Струмица преку кој се собрани 8000 денари, од кои 6000 денари беа уплатени за полагање на државниот испит кој беше непоходен за да може да ја добие потребната лиценца и да продолжи непречно да бара работа. Со останатите пари се обезбеди униформа за работа и велигденски пакет.

Изработиле: Васе Трендов, Ѓорги Јанков, Илхан Мемедов, Озлем Арифова, Дејан Трендов – ментор
Дисеминатор: Ѓурѓица Илиева

**ООЦК Свети Николе – *„Топли домови за потопла иднина”***

Младите од овој проект имаа за цел да обезбедат средства за живот и облека на две социјално загрозени семејства, така што организира хуманитарна забава со локален DJ. Од организираната забава тие собраа 5 500 денари со кои купија прехранбени и хигиенски производи за двете семејства, а исто така и донираа облека и обувки за семејствата.

Изработиле: Марија Ужевска, Сандра Смиљкова, Ева Стојанова
Дисеминатор: Ивана Марковска

**ООЦК Свети Николе – *„И насмевката е подарок“***

Во овој прокет младите имале за цел да организираат неколку дружења со децата со интелектуална попреченост од градинката „Рахилка Гонева“ во Свети Николе, а воедно и да им обезбедат дел од материјалите кои им се потребни при наставата.
Во текот на проектот биле организирани две работилници со децата со интелектуална попреченост кои ја посетувале полудневната настава во просториите на градинката. Исто така се донирани два пакети со тетратки и еден пакет со боици и блокчиња за цртање.

Изработиле: Александар Мишев, Драгана Арсовска, Марија Арсова
Дисеминатор: Ивана Марковска

**ООЦК Македонски Брод – *„Подади рака – спаси живот, нека секое утро биде нов почеток за стар изнемоштен човек“***

Целта на овој проект беше да се обезбеди храна, хигиенски производи и облека за еден стар и изнемоштен човек од с. Битово, кој живее во тешки животни услови. Во текот на една седмица младите успеаа да ги обезбедат потребните продукти и облеката кои потоа беа донирани на овој дедо.

Изработиле: Димитар Михајлоски, Бојан Смилески, Марија Блажеска, Наташа Стојкоска, Сања Апостолоска

Дисеминатор: Сања Симјаноска

**ООЦК Макдонски Брод – *„Помош за малите дечиња“***

Младите што го изработуваа проектот имаа за цел да помогнат на едно 10 члено семејство, во кое има 8 деца кои се без мајка. Преку собирни акции и донации тие успеа да обезбедат основни продукти за храна и хигиена, како и облека и обувки за семејството.

Изработиле: Фросина Танеска, Билјана Костоска, Васил Стаменкоски, Оливера Ѓурчиноска, Елизабета Симјаноска
Дисеминатор: Сања Симјаноска

**ООЦК Дебар – *„Социјализација на децата со посебни потреби“***

Целта на овој проект беше социализација со 7 деца, штитеници на дневниот престој за лица со интелектуална попреченост. Младинците кои го изработуваа овој проект покрај тоа што ја остварија оваа своја цел, исто така ја поддржаа работата на овој центар и преку донација на 200 евра кои беа собрани од спонзори, а кои беа наменети за дополнување на потребите на центарот за непрешено течење на наставата, набавка на нагледни средства, закуски и подароци за децата.

Изработиле: Бесарта Фејско, Вјоса Зунче, Зенепе Доброва
Дисеминатор: Егзона Казиу

**ООЦК Дебар – *Хуманитарна акција „Децата помагаат“***

Целта на овој проект беше да се помогне на две социјално загрозени семејства, така што ќе се обезбедат хигиенски средства. За остварување на таа цел младинците кои го правеа овој проект организираа собирни акции во нивниот град, а притоа активно и ги промовираа и во нивните училишта, преку овие акции тие успеаа да соберат доволно хигиенски средства, кои на овие семејства ќе им траат околу 2 месеци.

Изработиле: Исамудин Османлиу, Анес Кадриоски, Недим Мустафоски
Дисеминатор: Фадрија Мустафовска

**ООЦК Дебар –** ***„Да ги почитуваме различностите – да ја зачуваме хуманоста“***

Овие младинци замислиле да израдуваат 5 деца со посебни потреби така што ќе им подарат пакетчиња со кукли облечени во народна носија. Реализирале една работилница за ткаење на народни носии за кукли со учениците од основното училиште. Планирале куклите заедно со други намирници кои сакале да ги обезбедат да ги подарат на децата, но заради технички проблеми не ја реализирале активноста до крај.

Изработиле: Сениха Равмановска, Семра Муслиоска, Сеида Јонусоска, Шакира
Изработиле: Давид Ристоски-Коцев, Димитар Миленкоски, Сретен Мишевски, Мирослав Спировски
Дисеминатор: Маја Перовска

**ООЦК Тетово –** ***„За Јован“***

Целта на овој проект беше да се соберат парични средства со кои ќе се помогне за рехабилитацијата на Јован, чија дланка е повредена при управување со машина за сечење на дрва. Откако разговарале со него, тие решија да му помогнат така што ќе организираат хуманитарен турнир во фудбал преку кој успеаа да обезбедат 19 000 денари за да може да продолжи рехабилитацијата. При организацијата на турнирот младите успеаа да ја активираат цела нивна околина така што го промовираа турнирот на социјалните мрежи и во нивното училиште, покрај тоа успеаа да обезбедат и повеќе спонзори кои им помогнаа за реализацијата на турнирот.

Изработиле: Алек Михајловски, Давид Ристоски-Коцев, Мартин Дојчиновски, Александар Тофиловски-Ментор, Чедомир Костовски-Ментор
Дисеминатор: Маја Перовска

**ООЦК Чаир –** ***„Мал проект за големи успеси“***

Во овој проект младите сакаа да помогнат на едно семејство во ризик со тоа што ќе им ги подобрат нивните услови за живот, обезбедувајќи им неколку основни куќни апарати. За да ја остварат својата цел тие организираа повеќе собирни акции на различни локации, 2 во нивното училиште и една низ фирмите во Визбегово. Преку реализација на овие собирни акции тие успеаа да соберат доволно средства за да купат шпорет, правосмукалка и основни

прехранбени продукти.

Изработиле: Стефан Трпчев, Маријан Дамјановиќ, Екатерина Вељановска, Андријана Антова, Јошка Вељановски, Бисера Ниневска, Емилија Андоновска, Јана Трпчевска, Јана Даутовска, Стефан Велковски
Дисеминатор: Един Халим

**ООЦК Чаир – *„Дарувај крв, спаси живот"***

Целта на овој проект беше спроведување на крводарителска акција, со цел подигање на свеста за крводарувањето, промовирање на крводарителството, хуманиот начин на живот и важноста на овој чин во спасувањето на човечки животи. За да го остварат замисленото младинците кои го реализираа овој проект организирале крводарителска акција основното училиште "Цветан Димов" во својата општина. Истата била успешно реализирана, и 11 лица ја покажале својата хуманост дарувајки крв.

Изработиле: Ардит Чаили, Џејлан Беќири, Њомза Ајдини, Селиме Халили, Аделина Ферати, Сеад Демири
Дисеминатор: Кренар Хоџа

**ООЦК Чаир - *„Биди причина за нечија среќа"***

Целта на овој проект беше да се помогне за правилно одвивање на психо-физичкиот развој на Мики и обезбедување на дотатоци за неговата исхрана кои треба постојано га ги користи. За да го остварат замисленото младите кои го изработуваа проектот се решија самите да изработат театарска претстава од која потоа со собраните средства од прикажувањето успеваат да обезбедат доволно пари за да можат да ги купат додатоците за исхраната на Мики, кои ќе траат цела година.
Покрај додатоците за исхрана тие успеваат да обезбедат стручна помош од страна на Заводот за рехабилитација на деца и младинци во Топанско поле, да обезбедат донација на маички и џемпери за децата од 25Мај и Заводот за рехабилитација на деца и младинци и да купат колор принтер за потребите во секојдневната настава на децата во заводот за рехабилитација на деца и младинци.

Изработиле: Џансу Нуредин, Бениса Курбардовиќ, Дејан Смоковски, Влатко Јакимовски, Филип Зафировски
Дисеминатор: Един Халим

**ООЦК Чаир – *„Нова надеж“***

Младите од овој прокет имаа за цел да обезбедат таблети за два ученика од ОУ „Живко Брајковски“ кои потекнуваат од семејства во ризик. Во текот на месец март тие организираа 2 хуманитарни акции, изработка и продажба на мартинки за 1 март, а потоа за 8 март, денот на жената, изработка и продажба на честитки и цвекиња од хартија. Со овие хуманитарни акции тие успеаа да соберат 6 000 денари со кои купија 2 таблети и ги донираа на учениците од основното училиште.

Изработиле: Марија Јакимовска, Бенина Чолаковиќ, Мартина Мијакова, Филип Блажевски, Алмаса Гуџевич, Ивана Илиевска, Михаела Периќ
Дисеминатор: Един Халим

**ООЦК Чаир – *„Подај рака помагај сираци“***

Целта на овој проект беше да се помогне на 10 деца, сирачиња од Чаир, така што ќе им се донираат прехранбени артикли. Учесниците во овој проект организираа хуманитарен концерт во нивното училиште преку кој собраа 5 336 денари и ги купија потребните продукти за децата сирачиња.

Изработила: Арсихана Луци
Дисеминатор: Кренар Хоџа

**ООЦК Чаир – *„Детска насмевка – најголемо богатство“***

Целта во овој проект беше на учениците од интернатот во Љубанци да им се обезбеди компјутер кој ке им служи за добивање на информации преку интернет, правење проектни задачи, изработки на домашни задачи, проширување на знаењата во слободно време и дружба со соучениците преку социјални мрежи. За да успеат да го обезбедт компјутерот младите организираат 2 хуманитарни базара, еден во чест на денот на Албанската книга и друг за денот на жената, потоа организираат солидарен оброк и продажба во нивното училиште, собирни акции во околината на општина Чаир, а исто така обезбедуваат и донација од локалниот маркет. Со тоа тие успеваат да соберат доволно парични средства и купуваат компјутер за учениците кои престојуваат во интернатот во Љубанци.

Изработиле: Мелиха Садиковиќ, Маида Колашинац, Елма Кораќ, Адила

Садиковиќ, Ајла Колашинац, Мериса Лековиќ, Леила Бикиќ, Ајлин Агуш

Дисеминатор: Един Халим

**ООЦК Чаир – *„Помош за хендикипирани лица“***

Целта на младинците беше да изградат пристапни рампи во училиштето „Зеф Луш Марко“ поради неможноста на учениците со телесна имобилизираност да се движат слободно. Младинците организираа неколку собирни акции и турнири по мал фудбал во „Зеф Луш Марко“ и „Цветан Димов“ и собрале 19 601 денари со кои ја изградија рампата во училиштето и им го олеснија движењето на сите ученици кои имаат физички хендикеп, а учат во тоа училиште.

Изработиле: Arzije Qaili, Edona Ismaili, Blerina Ajdini, Arbresha Azemi, Redon Ademi, Enes Osmani, Besa Tusha - ментор

Дисеминатор: Кренар Хоџа

**ООЦК Струга – *„Хуманоста не разликува граници“***

Целта на овој проект е обезбедување на инвалидска количка за учник кој поради немање на финансиски средства родителите го носеле на грб секој ден во училиштето ОУ „Браќа Миладиновци“. За таа цел младицните почнале да собираат капачиња преку иницијативата Macedonian Cap Project, за да можат да обезбедат количка за ученикот. Откако ги собрале капачињата се судриле со доста проблеми, но сепак успеваат да ја обезбедат количката за ученикот. Младите му го олеснуваат движењето на ученикот, но многу му помагаат и на целото семејство.

Изработиле: Egzona Murtezai, Jehona Shemshedini, Leonora Shabani, Arda Selimi, Vjosa Ajdari, Berat Apoce, Dion Alimi, Gonxhe Ajrush -ментор

Дисеминатор: Argjira Elmazi

**ООЦК Струга – *„Заедно градиме“***

Целта на овој проект е да се помогне на едно социјално загрозено семејство така што ќе им се реновира тоалетот чија состојба беше нефункционална, а неговата поправка приоритет за подобрување на условите за живот на семејството.

Преку организација на културен настан во хотел Дрим на кој имало модна

ревија и концерт, а бил реализиран од млади од различно етничко потекло, младинците успеваат да обезбедат доволно средства со кои прават целосна реизградба на тоалетот на семејството, а дополнително ставаат и изолација на темелите.

Изработиле: Sema Kracoska, Vinka Badaloska, Flaktrim Zhuta, Azem Bauta
Дисеминатор: Argjira Elmazi

**ООЦК Струга – *„Два различни света, една вистинска љубов“***

Целта на овој проект беше да се обезбеди еднодневно патување до Битола, посета на паркот, зоолошката и дружба со неколку од членовите на нашиот тим со децата со посебни потреби кои учат во училиштето “Браќа Миладиновци” во посебна паралелка. За да ја остварат својата цел тие организираат хуманитарен настан на кој настапуваат децата од градинката „Сонце“ во Струга со нивна претстава и неколку познати локални изведувачи со нивни музички изведби. Со тоа тие обезбедуваат доволно средства за да ги однесат децата на еднодневното патување до Битола и носат радост и насмевки на нивните лица.

Изработиле: Арѓира Елмази, Валтрин Лога, Уреса Мена, Марија Уцман, Бојана Донеска
Дисеминатор: Моника Мечкароска

**ООЦК Струга – *„Аутизам“***

Целта на овој проект беше подигање на свеста за аутизмот, и потешкотиите со кои секојдневно се соочуваат лицата кои имаат аутизам. За да ја остварат оваа своја поставена цел младинците кои го реализираа овој проект организирале предавање на оваа тема во училиштето “Браќа Миладиновци” во Струга. Тие на овој начин успешно им ја доловиле презентираната тема на своите слушатели.

Изработиле: Албион Серијани, Дион Алими,Нора Хајредини, Леонора Шабани
Дисеминатор: Арѓира Елмази

**ООЦК Струга – *„Во светот на децата“***

Целта на овој проект било разубавување на дворот на основното училиште “Ашим Агуши” во село Ладориште. За да ја остварат својата замислена цел

младинците самите декорирале и цртале на ѕидовите во дворот на училиштето, обидувајќи се да го направат што попривлечен за учениците кои секојдневно престојуваат таму. Младинците својата хумана мисија ја промовирале и преку фејсбук.

Изработиле: Ќибарет Таири, Хадиса Таири, Суарта Влаши, Донјета Махмуди, Албион Серијани, Бора Лена, Нора Хајредими, Флорентина Шерифи
Дисеминатор: Арѓира Елмази

**ООЦК Струга – *„Подади рака што насмевка враќа“***

Младите од овој проект имаа за цел да помогнат на социјално загрозеното семејство Абазоски. После истражувањето и увидувањето на потребите на семејството, младите од овој проект за да ги обезбедат потребите на семејството организираа хуманитарен турнир во фудбал во спортската сала на ОУ„Браќа Миладиновци“. Преку оваа активност тие собраа доволно средства за да купат фрижидер, а покрај ова преку донации од нивните соученици тие успеаа и да обезбедат облека за сите членови од семејството.

Изработиле: Селимка Цаноска, Драгица Секулоска, Антонио Ангелкоски, Климче Недески, Христијан Трклаловски
Дисеминатор: Моника Мечкароска

**ООЦК Охрид – *„Тревковци“***

Целта на овој проект беше помагање на едно семејство во ризик, преку организирање на креативна работилница за изработка на Тревковци и нивна продажба на градскиот плоштад.Младинците од овој проект помогнаа постароро девојчето во ова семејство да го заврши основното образование (VII и VIII одделение), се обезбеди еден оброк за другото помало девојче, се обезбедија средства за подмирување на заостанат долг за електрична енергија, со што се помогна во процедурата за продолжување на договорот за задржување на социјалниот стан. Беше изваден нов извод од матична книга на родените за синот, извршен стоматолошки преглед и примена вакцина, со цел негово запишување во прво одделение во учебната 2016/2017 година. Обезбедени се јакни, патики, пантолони и блузи за сите три деца, исто така е обезбеден и мебел (тросед и двосед).

Изработиле: Ивана Савиќ, Јана Укоска, Јована Маркоска, Кристина

Лотеска, Марија Лотеска, Ерзан Шакировски, Александар Божиноски, Јана Маркоска
Дисеминатор: Јованка Сион – Доленц

**ООЦК Охрид – *„Кров“***

Целта на овој проект беше да се замени распаднатиот покрив кој протекува во собите на куќата на едно семејство.
Преку организирање на креативна работилница и продажна акција на која беа изложени рачните изработки и организирање хуманитарна забава на која беа собрани 10 884 денари се обезбеди лим за да се смени 72 м2 стар азбестен кров. Покрај тоа обезбедени се 6 тенки и 2 дебели кебиња и 4 порции топол оброк, исто така се обиделе да посредуваат при вработување на еден од членовите на семејството во ЈКП„Комуналец“ во Охрид.
Изработиле: Емилија Симјановска, Еле
на Симјановска, Емилија
Митреска, Мартин Иваноски, Марија Трипуноска, Елеонора Дукова
Дисеминатор: Јованка Сион-Доленц

**ООЦК Охрид – *„Мост“***

Целта на младите од овој проект е да помогнат на баба Илинка која живее на место одалечено од градот така што ќе и донираат храна, облека и дрва, а притоа ќе и помогнат да се социјализира. По посетата на баба Илинка тие активно се ангажираат да и помогнат така што со донација од општинската организација и обезбедуваат дрва за огрев и алишта. По втората посета тие разбираат колку е таа осамена и се ангажираат да и обезбедат сим картичка и телефон за да можат активно да ја вклучат во проектот на ООЦК Охрид, Грижа за стари лица, каде што таа почнува редовно да контактира со нејзините врсници и минимум еднаш неделно да разговара со волонтерите од програмата и да си го исполнува нејзиното слободно време. На една од посетите тие успеваат да и обезбедат донација од топол оброк од супермаркетот„Тинекс“.

Изработиле: Марија Стојчевска, Кристина Наумовска, Миа Емилиа Димова, Теа Еракович, Бисера Николоска, Томислав Попоски
Дисеминатор: Јованка Сион-Доленц

**ООЦК Охрид – *„Метаморфоза“***

Корисници во овој проект се 14 деца од социјално загрозени и згрижувачки семејства кои имаат од 8-12 години и живеат на територијата на Општина Охрид така што ќе им ја поттикнат самодовербата, самопочитта и мотивацијата за стремење кон општествено вклучување во сите сфери како останатите деца, преку организирање 10 специјализирани работилници, од кои 3 се со едукативно-забавен карактер и 7 со едукативен карактер.

Со таа цел тие одржуваат обука за тимот волонтери од страна на дисеминаторот и менторот, тимот кој понатака работеше со децата се стекна со основни вештини за предавање, како и со основните на психо-социјални аспекти на маргинализацијата како појава, Волонтерите потоа испланираа и реализираа 7 едукативни работилници и 3 едукативно-забавни работлници, ги запознаваа децата со клубот на млади, како можност за понатамошно вклучување во Црвениот крст, кој тие многу го засакаа и сакаа да дадат свој придонес, а на самиот крај младите организираа забава во игротека на која доделија сертификати и подароци.

Изработиле: Јана Маркоска, Марија Лотеска, Кристина Лотеска, Корнелија Џајкоска, Мартина Недевска, Екатерина Ситникоска, Михаил Ангелески, Ѓоко Маркоски – ментор
Дисеминатор: Јованка Сион-Доленц

**ООЦК Охрид – *„Џиздија“***

Во овој проект младите сакаа да го вратат детскиот џагор на улиците, променат секојдневната рутина на најмладите (деца на возраст од 4-12 години), да се поттикнат младите да ги развиваат психомоторните способности, да се социјализираат преку безвременските традиционални детски игри. Игри како што се: Џиздија, скокање со јаже, бркана, котката- питката со топка, фрли стапче и слични.
Најпрво тие ги анкетираат родителите со цел да дознаат за соодветни места за организирање на настани на кои ќе се играат овие игри, дали и колку се заинтересирани родителите да ги пуштат своите деца во најблискиот парк на ваков настан. По реализирање на анкетата тие организираат 6 настани на детски игралишта на различни локации во Охрид, настан за промоција на детски традиционални игри во Спортски центар “Климент Колевски” во соработка со детска градинка “Јасна Ристеска”, настан за ориентација во урбана средина Компас 2016 во соработка со Извидничкиот одред Пионер. Покрај сите

овие настани тие прават и материјал во кој се детално опишани и документирани традиционални детски игри во електронска форма.

Изработиле: Јована Лолеска, Стефан Тупанчески, Никола Кочески, Адријан Османовски, Санел Аџиовски
Дисеминатор: Јованка Сион-Доленц

**ООЦК Охрид – *„Сложувалка“***

Во овој проект младите сакаат да им помогнат на лицата со посебни способности да се социјализираат преку дружење со нив на креативните работилници два пати во неделата до крајот на мај 2016, да ја поттикнат креативноста кај лицата со посебни способности и преку различностите на креативните работилници да им овозможат да откријат нова способност или интерес, или пак да го надградат она што добро знаат да го прават, да помогнат во сензибилизација на јавната свест за постоењето на лицата со посебни способности во секојдневното опкружување, и преку дружењето на работилниците да докажат дека е сосема во ред да се работи рамо до рамо со нив.
Младите остваруваат средба и соработка со Регионална занаетчиска комора РЗК Охрид за заедничка реализација на проектот, потота организираат 6 креативни работилници за изработка на накит, ткаење на разбој, изработка на книги и изработка на велигденски декорации, во соработка со 4 занаетчии од РЗК-Охрид, реализираат настан по повод одбележувањето на Денот на аутизмот во соработка со Општина Охрид и РЗК Охрид и забава во игротека како заокружување на проектниот циклус. Во текот на проектот тие активно преку медиумите на повеќе наврати испраќаат апел до јавноста за сензибилизација и прифаќање на лицата со посебни потреби како дел од општественото живеење.

Изработиле: Љубица Илиќ, Драган Ѓорески, Валентин Божиновски, Мартин Димоски, Леона Наумоска, Афродита Адамова - ментор
Дисеминатор: Јованка Сион-Доленц

***ООЦК Крушево* – „Со мапа до богатство“**

Целта на младите кои го изработуваа овој проект беше да ја збогатат промоцијата на градот Крушево, со што ќе придонесат кон заработка за живот на жителите кои работат со туристи. Со учениците вклучени во секцијата по

Географија во основното училиште изработуваат флаер со корисни информации за 2016 (настани, места за посета, ресторани, кафани, места за забава и сместување), како и видео на кое е прикажан дел од Крушево преку детска игра, со тоа тие ја збогатуваат промоцијата на Крушево, онлајн и во живо. Флаерот е доставен до сите наведени контакти во него, а тие го испечатија и го имаат во нивните објекти. Општината се заложи да оддели средства да испечати 200 флаери кои ќе бидат достапни за туристите преку нив.

Изработиле: Кочо Петроски, Никола, Маја, Петар Стеваноски, Викторија Најдоска, Благоја Наумоски-Гули
Дисеминатор: Ангела Најдоска

**ООЦК Крушево – *„Шириме хуманост“***

Целта во овој проект беше да се поттикне хуманоста кај учениците од ООУ „Никола Карев“ Крушево така што ќе им помогнат на 2 баби кои живеат сами и 13 социјално-загрозени семејства од општина Крушево. Во текот на нивниот проект младите заедно со 50 ученици од основното училште реализираа повеќе хуманитарни активности, меѓу кои посети на двете баби кои живеат сами, двочасовно дружење со децата од Дневниот центар, донираа соодветна облека на 3 семејства, го разубавија празникот Лазаре на многу крушевчани и организираа поубав Велигден на 10 семејства. Успеаа да ги надминат размислувањата за нехуманост и непомагање на луѓе кои имаат реална потреба од помош, помеѓу учениците на ООУ „Никола Карев“ Крушево. Преку реализираните активности, добија 9 нови волонтери во Клубот на млади до 14 години кои разбраа што значи хуманост и несебично се вклучија во нивните активности. Доаѓаа секој ден после часови во Црвениот крст кога се спремаа за Лазаре и Велигден, заедно со нив работеа, се смееа и се дружеа.

Изработиле: Домника Кузманоска, Петар Стеваноски, Ратко Прешоски, Војче Стојкоски, Марија Јанковска, Дамјан Стојчески
Дисеминатор: Ангела Најдоска

**ООЦК Крушево – *„Се грижам за моето здравје“***

Младите во овој проект имаа за цел да ги обучат учениците од втора година профил готвач од СОУ „Наум Наумовски-Борче“, за прва помош на работно место, да ги информираат учениците од 6 до 9 одделение од ООУ„Никола Карев“-Крушево за болести кај човекот и да ги информираат учениците од трето одделение за туберкулоза. За да го остварат сето тоа младите обучија 9

ученици од втора година од струката готвач со основни познавања за првата помош во кујна, научија да преврзат рана, да запрат крварење, да се справат со скршеници и исекотини и што би направиле доколку се случи сериозна алергиска реакција на храна, на 19 ученици од трето одделение од Крушево и с.Борино одржаа едукација во форма на на игра-квиз со основни информации за туберкулоза и за 20 ученици од 7-9 одделение одржаа едукација со основни информации за лична хигиена и болести кои можат да се појават кај човекот.

Изработиле: Петар Стеваноски, Кочо Петроски, Никола, Маја, Домника Кузманоска, Марија Јанковска, Цветанка Илиеска
Дисеминатор: Ангела Најдоска

**ООЦК Крушево – *„Најмладите во сообраќајот“***

Во овој проект волонтерите сакаа да ја подигнат свеста за внимателно движење низ сообраќајот и градење на сообраќајна култура кај учениците од трето одделение од ООУ „Никола Карев“ Крушево. За да ја остварат својата цел тие прават соработка со полициската станица и одржуваат едукација од интерекативен карактер заедно со сообраќајците од ПС Крушево, на тој начин учениците од трето одделение ги добија основните знаења за сообраќајот, правилата во сообраќајот и собраќајните знаци кои ќе им користат при вклучување во сообраќајот. Исто така младите изработуваат постер кој е поставен во нивната училница, преку кој секојдневно ќе се потсетуваат на сообраќајните правила и прописи и внимателно ќе се движат во сообраќајот.

Изработиле: Никола Маја, Кочо Петроски, Петар Стеваноски, Викторија Најдоска, Драгана Ѓоргиоска
Дисеминатор: Ангела Најдоска

**ООЦК Куманово – *„Од најмала возраст до здрави навики“***

Целта на овој проект беше да се подигне свеста на дечињата од предшколската возраст за позитивни ефекти од здравата исхрана и навики за оддржување хигиена на забите. Преку одржување на едукации во 7 градинки во Општина Куманово младите успеваат да едуцираат повеќе од 300 дечиња за позитивните придобивки од здрава исхрана и навики и забоздравствена заштита.

Изработиле: Никола Милановски, Бисера Ѓошевска, Марта Стефановска, Сара Милошевска, Андреј Трајковски, Наум Цветковски, Христијан Додевски, Антонио Крстевски, Ангела

Јакимовска, Ивона Милосковска, Мила Димовска, Вјолца Зеќири, Вљора Ељмази, Атиџе Сељмани, Амине Османи, Филип Кузмановски-ментор

Дисеминатор: Сања Росевска

**ООЦК Куманово – *„Без разлика на се, можеме се“***

Во овој проект целта беше да се инволвираат лицата со посебни потреби, поточно штитениците на Дневен центар „Порака Наша“ во активности кои ги организираа младите за прибирање парични средства за помош на едно 7 члено социјално загрозено семејство со самохран татко кој има две деца со попреченост во развој. За да ја остварат својата цел тие организираат 6 работилници кои се оддржуваат во просториите на Црвен крст Куманово заедно со лицата од дневниот центар. По завршување со изработките, истете се продаваа по симболична цена во Супер маркет„Туш“ заедно со лица од„Порака Наша“. Од собраните средства се направени прехрамбени пакети за семејството.

Изработиле: Марија Михајловска, Кристина Цветковска, Христина Петровска, Јована Ристовска, Марко Трајковиќ, Мартина Илиевска, Никола Милановски, Дина Додевска, Загорка Беќарова, Марија Суботиќ, Христијан Додевски, Христијан Филиповиќ, Сара Милковска, Марта Стефановска, Раде Ристиќ-ментор

Дисеминатор: Сања Росевска

**ООЦК Куманово – *„Сите заслужуваат насмевка“***

Целта на овој проект беше донирање на ранци и училишен прибор за 8 деца кои потекнуваат од семејства во социјално-економски ризик, а кои учат во училиштето “Бајрам Шабани” во Куманово. Преку собирни акции, младинците успешно ја реализирале својата цел, а среќата на лицата на децата кои добиле нови ранци била неизмерна.

Изработиле: Едита Алиу, Анида Адеми, Еџе Али, Беса Лутфиу, Медина Лутфиу, Мимоза Алиу, Урата Мисини, Теута Зенели, Влора Елмази, Зенел Мифтари, Бехар Арифи

Дисеминатор: Мирлинда Реџепи

**ООЦК Куманово – *„За денес и за 100 години“***

Целта на овој проект беше решавање на проблемот со поплавите поради недостиг на канализацијата на жителите во населбата Осогово. Преку пополнување на петиција и неколку средби со градоначалникот започната е постапка за средување на канализацијата во населбата и решавање на проблемот кој жителите го имале.

Изработиле: Едита Алиу, Анида Адеми, Еџе Али, Беса Лутфиу, Медина Лутфиу, Мимоза Алиу, Урата Мисини, Теута Зенели, Влора Елмази, Зенел Мифтари, Бехар Арифи
Дисеминатор: Мирлинда Реџепи

**ООЦК Куманово – *„Книга, најдобриот пријател“***

Целата на овој проект беше собирање на книги со цел збогатување на библиотеката на средното економско училиште "Перо Наков" во Куманово. За да ја остварат оваа своја цел младинците кои го реализираа овој проект организирале собирни акции на книги во својот град. Покрај книгите собрани во собирната акција која ја организирале во својаот град, тие исто така побарале и донации од книги и од фирмите во нивниот град, како и од една издавачка куќа. Собраните книги потоа биле донирани на библиотеката на училиштето.

Изработиле: Ерен Али, Исмаил Авдили, Ариф Лимани, Бесник Нухији, Касум Билалли, Ринор Јашари, Делвина Исмаили, Медина Лутфиу, Мимоза Алиу, Емира Зеќири
Дисеминатор: Мирлинда Реџепи

**ООЦК Куманово – *„Секој заслужува да го гледа светот“***

Младите од овој проект имаа за цел да му помогнат на малиот Јусуф така што ќе му купат очила и ќе му ја обезбедат потребната инекција за да не му напредува болеста и да го му оштети видот. За да го остварат замисленото тие организираат собирна акција така што одат од куќа до куќа и организираат хуманитарна забава. Со реализација на двете активности тие успеваат да соберат 14 400 денари и да купат очила и инекција за да се подобри здравствената состојба на малиот Јусуф.

Изработиле: Besa Lutfiu ,Vlora Elmazi,Emira Zeqiri,Teuta Zeneli,Exheli,Amine

Osmani,Eren Ali,Anida Ademi,Besnik Nuhiji,Mimoza Alija,Arian Ibrahimi,Shpetim Rexhepi,Zenel Miftari, Egzona Aziri, Altina Ismaili, Arbnora Ramadani, Baftjar Mustafi, Ismail Avdili,Vjollca Zeqiri, Arif Limani, Kasum Bilalli, Urata Misini

Дисеминатор: Мирлинда Реџепи

**ООЦК Куманово – *Заедно посилни***

Целта на овој проект е да се подобри врската и да се намалат предрасудите помеѓу албанците и македонците во градот. Младинците ги вклучиле учениците од средното економско училиште „Перо Наков" и се одржале работилници за традиционални носии на кои албанците шиеле македонски народни носии, додека македонците шиеле албански носии. Настанот бил успешен и младите биле многу заинтересирани за понатамошни вакви настани и соработки.

Изработиле: Kasum Bilalli, Arif Limani, Besnik Nuhiji, Rinor Jashari, Edita Aliu, Anida Zeqiri,Exhe Ali, Dardane Raimi Zagorka Bliznakovska, Marija Subotic, Marko Trajkovic

Дисеминатор: Мирлинда Реџепи

**ЦКГС - Клуб на млади – *„Еден за сите, сите за Хазир"***

Младите во овој проект имале за цел да ги подобрат условите за живот на 5 члено социјално загорзено семејство така што целосно ќе го санираат нивното купатило.

Преку организирање на хуманитарен турнир во фудбал, хуманитарна забава и поставување на кутија за донации во кафе бар, собрале 27 884 денари со кои тие успеале да ги купат потребните работи за реновирање на купатилото и пронашле мајстор кој ќе им помогне. Покрај тоа тие успеале да ги платат четирите заостанати сметки за градинка, набавиле 1 биро, храна, облека и пелени, но и организирале посета со децата на Матка и Априлијада.

Изработиле: Евгенија Миленкова, Синиша Зуќиќ, Дарко Трајковски, Елена Петрушевска

Дисеминатор: Александра Василевска

**ЦКГС – Клуб на млади – *„Тим 5 за 5"***

Целта на овој проект беше да се подобрат условите за живот на едно семејство во риик, така што ќе им го реновираат тоалетот.

За да ги остварат своите цели младите организирале повеќе настани, како

хуманитарен натпревар, сликарска работилница, изложба во кафуле и конкурс на слики од инстаграм. Со собраните пари од активностите и обезбедување на дополнителни донации од фирми тие успеаа да ги обезбедат санитариите и плочките за во тоалетот, покрај тоа обезбедиле и 1,5 м3 дрва за огрев.

Изработиле: Кристина Тодоровска, Јасна Андонова, Марио Стојковски, Андреј Димитриевски, Марија Смилковска
Дисеминатор: Александра Василевска

**ЦКГС Клуб на млади – *„Заедно сме посилни"***

Младите од овој проект имаа за цел да помогнат да се подобри интелектуалниот развиток на лицата корисници во дневниот центар за лица со Церебрална парализа. За да го сторат тоа тие набавија играчки и дидактички средства за корисниците во дневниот центар, а средствата за да ги обезбедат истите беа собрани преку собирен штанд на кој имаше продажба на обележувачи за книга и црешови гранчиња, а исто така организираа и куклена претстава која се одржа во основното училиште каде што учат младинците кои го изработија проектот.

Изработиле: Ангела Тошевска, Анастасија Боневска, Тамара Трајчевска
Дисеминатор: Александра Василевска

**ЦКГС Клуб на млади – *„Заедно посилни за Ники"***

Целта на овој проект е да се подобрат животните услови на една самохрана мајка со едно дете, преку обезбедување на дополнителна социјална заштита, семејна пензија и логопед за детето кое има даунов синдром. За да го исполнат замисленото тие организораат повеќе активности, како продажна акција на цевитана на Средно Водно, а потоа и собирна акција со кутија за донации во Плеј Кафе. Со собраните средства тие успеваат да обезбедат пакети со храна за семејството, а покрај тоа тие ја исполнија и првичната цел и овозможуваат логопед со што ќе се подобри говорниот развој за малиот Ники, кој е дете со даунов синдром, и обезбедуваат дополнителна социјална помош.

Изработиле: Огнен Анѓушев, Анастасија Каранфиловска, Ана Крстевска, Ања Ветерова
Дисеминатор: Александра Василевска

**ООЦК Кичево – *„Враќање на надежта“***

Младите кои го изработуваа овој проект имаа за цел да обезбедат фрижидер и прехранбени продукти за баба Милева. За да ја остварат својата цел тие органзиираат средношколска забава со локален бенд, потоа организираат изложба на слики изработени од учениците од 2 средни училишта во Кичево, имаа проекција на филм во еден од локалните клубови и продаваат лимонада низ градот. Покрај сите овие активности со кои тие успеваат да соберат доволно средства и да обезбедат фрижидер и пакети со храна и хигиена за баба Милева, тие оргазнизираат дополнително и презентација за стереотипи и предрасуди за средношколците од средните училишта „Мирко Милески“ и „Дрита“ на албански и македонски јазик.

Изработиле: Симона Алексоска, Димитар Крстески, Меланија Николовска, Јована Стојановиќ, Петар Данилоски, Мухамед Вели, Дурата Пурелку, Илир Селиу, Благица Дамевска -ментор
Дисеминатор: Ангела Вељаноска

**ООЦК Кичево – *„Преку проекција на филм, хуманитарен проект“***

Целта на овој проект беше набавка на инхалатори за детскиот оддел при Државната клиника во Кичево, како и разубавување на детскиот оддел каде престојуваат малите пациенти. За да ја остварат оваа своја цел младинците кои го реализираа овој проект организирале хуманитарна проекција на филм. Тие организирале голем настан со голем број на гледачи кои дошле на овој начин да ја поддржат нивната хумана заложба. Со средствата собрани од оваа хуманитарна проекција биле набавени инхалатори, кои подоцна биле донирани на детскиот оддел при Државната клиника во Кичево.

Изработиле: Шкодран Челику, Висар Пурелку, Чендреса Емини, Лауреша Емини
Дисеминатор: Мухаммед Вели

**ООЦК Кичево – *„Хуманитарен проект“***

Овој проект има за цел да помогне на едно социјално загрозеното семејство така што младите кои го изработувале проектот организираа панаѓур на слатки преку кој се имаат собрано 5 000 денари и купија теписон и маса за семејството.

Изработиле: Ikmete Xheladini, Fatlume Gazmenta
Дисеминатор: Мухамед Вели

**ООЦК Кичево – *„Дожд од желби, низа од акции“***

Целта на овој проект беше да се помогне на едно 7 членото семејство, така што ќе се купи плинско решо и обезбеди храна. Со организација на продажба на рачно изработен накит, собирни акции на прехранбени производи пред 2 супер маркети и продажба на пуканки и сончоглед пред „Дом на култура“ тие успеаа да соберат доволно средства и да им донираат на семејството кеси полни со производи на храна, плинско решо и боца со плин.

Изработиле: Викторија Кузманоска, Кети Коруноска, Ана Марија Србиноска, Јована Камбуроска, Emine Rushiti, Margaritare Balazxi, Аманда Алоска-Ментор
Дисеминатор: Ангела Вељаноска

**ООЦК Кичево – *„Никој не станал помал од давање“***

Овој проект имал за цел да помогне на 4 различни целни групи: 4 члено семејство од село Бичинце; 11 члено семејство од населбата Пелистерка; деца Роми од населбата Пелистерка; и една мајка и нејзиното едно месечно девојче. Како резултат на ангажманот на младинците организирана е проекција на документарен филм и продажба на слатки кои сами ги направиле. Собраните средства овозможиле: Купување на печка за греење за 4 членото семејството од село Бичинце како и трпезариска маса со столови и основни прехрамбени продукти; купување на печка за греење за 11 члено семејство од населбата Пелистерка; купување подароци за децата Роми од населбата Пелистерка; и купување едномесечна залиха на основни прехрамбени продукти за мајката и нејзиното едно месечно девојче. Младинците со својот ангажман успеале да ја подобрат состојбата на своите целни групи.

Изработиле: Дурата Пурелки, Фјола Зенели, Азизе Куртиши, Дрилона Ајрадини
Дисеминатор: Ангела Вељановска

**ООЦК Кичево – *„Помош за сиромашно семејство“***

Целта на овој проект беше помагање на една самохрана мајка и нејзините 3 деца, кои живеат во тешки услови. Преку организирање на проекција на филм

во културниот центар во Кичево тие успеале да го снабдат семејството со бојлер и чешма, и со тоа да им ги подобрат животните услови.

Изработиле: Агрон Фејза, Агон Јакупи, Арбрим Исеини, Куштрим Сејдини
Дисеминатор: Мухаммед Вели

**ООЦК Кичево – *„Хуманоста не познава за години"***

Младите од овој проект сакале да помогнат на 3 различни целни групи така што ќе органзираат најразлични активности прилагодени за корисниците. Корисници биле 5 деца Роми кои се деца на улица, 200 ученици од 3 основни училишта во Кичево и 15 пензионери од нивната околина.
За да им помогнат на целните групи младите прво организирале едукации за децата ромчиња кои ги учеле да читаат, пишуваат и сметаат, потоа организирале дисеминација за активностите на Црвениот крст на 200 ученици од основните училишта со што им промовирале активен пристап во животот, а притоа ја промовирале и хуманоста. Покрај едукативните активности тие организирале и турнир во шах, пикадо, карти, табла и домино каде што присуствувале пензионерите од нивната околина.

Изработиле: Веле Ангелески, Теодора Димоска, Ангела Богоеска, Ана Тасеска, Марко Петров, Драгана Петреска, Јована Божиноска, Дурата Пурелку, Деса Емини, Маргаритаре Балажи, Илир Салиу, Афије Шерифи, Емине Рутеши
Дисеминатор: Ангела Вељаноска

**ООЦК Кичево – *„Помош на едно семејство од с. Зајас"***

Целтна на овој проект беше да се подобрат елементарните услови на едно семејство преку купување на основните потребни продукти. За да ја реализираат целта младите органзираа маскенбал преку кој собраа 4 300 денари и беа купени теписон и прехранбени продукти за семејството.

Изработиле: Afije Sherifi, Arjeta Selimi, Era Çeliku
Дисеминатор: Мухамед Вели

**ООЦК Кичево – *„Со ПХВ се будиме и хумано подаруваме"***

Во овој проект младите решиле да набават нови функционални апарати за мерење крвен притисок и топломери за Интерното одделени при

Медицинскиот центар во Кичево. За да ги обезбедат потребните апарати младите организираа продажба на нес-кафе во нивниот град и со тоа тие собраа 3 000 денари кои беа доволни за да купат 2 апарати за мерење на крвен притисок и 7 топломери кои ќе помогнат за полесно функционирање на Медицинскиот центар во Кичево.

Изработиле: Андреј Вељаноски, Александар Сајкоски, Симеон Кижески, Илир Салиу, Ален Куртеши-ментор
Дисеминатор: Ангела Вељаноска

**ООЦК Кичево – Драма „Хамлет“**

Целта на овој проект беше да се преуреди плафонот на 11 члено ромско семејство и да се купи правосмукалка и микровална печка на една смаохрана мајка.
Преку организација на драмата „Хамлет“, која младите сами ја режираа и изведоа, собрани се 12 700 денари со кои се купени гипс картон, даски, лепак и боја за уредување на плафонот на семејството. Исто така се купени и правосмукалка и микровална за самохраната мајка.
Сите младинци работеле по минимум 50 часа на проектот за да на крај заедно да реализираат вкупно 738 волонтерски часови.

Изработиле: Saranda Mehmedi, Agron Fejza, Enis Zenku, Arbërim Iseini, Blerina Zendeli, Margaritare Ballazhi, Hava Rrahmani, Ilir Saliu, Emine Rushiti, Agron Selimi, Milahim Useini, Afije Sherifi, Ramazan Dini, Agon Jakupi
Дисеминатор: Мухамед Вели

**ООЦК Крива Паланка – *„Со мал труд, до голема среќа“***

Младите од овој проект сакаа да помогнат на петчлено семејство од село Жидилово чија тешка состојба се повеќе се влошува поради тоа што и двајцата родители се невработени. После истражувањето на потребите младите преку донации обезбедија облека донирана од страна на семејства од Крива Паланка и храна донирана од страна на клубот на пензионери "Достоинствен живот".

Изработиле: Емануела Стоевска, Стефан Велиновски, Михаел Стојковски, Теодор Станковски
Дисеминатор: Петар Гошевски

**ООЦК Крива Паланка – *„Мали нешта за голема насмевка“***

Целта на младите од овој проект била да се олеснат условите за живот на едно 5 члено социјално загрозено семејство така што ќе им ги обезбедат дел од потребите за полесно функционирање во домаќинството.
За да ја остварат својата цел тие прават работилница на која изработуваат оригами кои потоа ги продаваат од куќа во куќа за Денот на жената (8 март) и така успеваат да обезбедат доволно средства за да можат да купат мини шпорет, храна, обувки, домаќински прибор и играчки за семејството.

Изработиле: Марија Тасевска, Наталија Ангеловска, Ангела Величковска, Глорија Алексовска, Михаела Димитриевска
Дисеминатор: Петар Гошевски

**ООЦК Крива Паланка – *„Да го вратиме погледот кон височините“***

Целта во овој проект беше да се обезбедат подобри услови за живот за брачен пар од маало Мечковци, кој живее во трошна куќичка. По истражувањето кое тие го направија кај семејството и увидувањето на нивните потреби организираа 2 собирни акции на кои имаа продажни штандови. На првата акција тие продаваа книги донирани од учениците од 2 основни училишта во нивниот град, а на втората продаваа честитки за 8 март исто така изработени од учениците од основните училишта. Собрани се 8,387 денари од кои е купен електричен мини шпорет за готвење, извршена е дезинфекција и дезинсекција на домот на семејството, а исто така им обезбедија и храна за подолг временски период, средства за хигиена и облека.

Изработиле: Сара Крстевска, Анѓела Стамболиска, Ивона Станковска, Мила Станковска, Лина Јакимовкса
Дисеминатор: Петар Гошевски

**ООЦК Крива Паланка – *„Мали срца со голема топлина“***

Целта во овој проект беше да се помогне на едно трочленото семејство од с. Конопница, кое има еден член со интелектуална попреченост. Сите три членови се невработени и имаат минимални месечни примања. После увидувањето на потребите младите кои го изработуваа проектот решија дека треба да им обезбедат дел од основната покуќнина на ова семејство. За да ја остварат својата цел тие организираа хуманитарен фолклорен концерт на кој настапуваа и 2 талентирани лица со оштетен вид, преку кој собраа 16 300 денари и со нив

обезбедија кревет, електричен мини шпорет, храна за повеќе месеци, хигиенски средства и кујнски прибор.

Изработиле: Вера Петкова, Мартина Димитровска, Наталија Китановска, Атина Велиновска, Љубиша Николовски
Дисеминатор: Петар Ѓошевски

**ООЦК Крива Паланка – *„Светла ѕвезда на темното небо"***

Во овој проект целта беше да се овозможи приклучување на струја на едно семејство кое 5 години нема струја. Со посредување на младите од проектот отпишан е долгот од 18 052 денари. Потоа организирана е и продажба на палачинки и пуканки преку кои се собрани 5 674 денари, со кои се плати дел од долгот кој не можел да се отпише, повторниот приклучок на струја и дополнително се купени прехранбени и хигиенски производи.

Изработиле: Матеј Цветановски, Андријана Стојановска, Марија Стојановска, Лора Колевска, Ивана Манојловска
Дисеминатор: Петар Ѓошевски

**ООЦК Крива Паланка – *„Подари рака, изнуди насмевка"***

При истражувањето за наоѓање на корисник за проектот, младите кои го изработуваа овој проект наидоа на 3 различни целни групи и поради неможноста да одвојат една од нив се решаваат да помогнат на сите 3, осамен човек од с. Милутинци кој нема никакви финансиски примања, 6 члено социјално загрозено семејство и 7 матуранти кои се во тешка финансиска состојба. За да им помогнат на нивните целни групи младите во соработка со драмската секција од СОУ „Ѓорче Петров" организраат прикажување на хуманитарна теататрска претстава, „Сомнително лице" со што собираат 21 000 денари и успеваат да обезбедат облека, обувки, постелнина, душек за спиење, мини шпорет и храна за повеќе месеци за човекот од с. Милутинци, да обезбедат храна, лична хигиена, млеко и млечни производи и играчки за малите деца за семејството од Опилска Мала, и да ја платат матурската вечер за 7 матуранти од СОУ „Ѓорче Петров".

Изработиле: Давор Петровски, Бојана Здравковска, Дарко Стојановски, Бојана Стевановска, Наталија Стојановска, Викторија Стојановска
Дисеминатор: Петар Ѓошевски

**ООЦК Валандово - *„Срце за помош“***

Целта на младите кои го изработуваа овој проект беше да се обезбедат финансиски средства со кои ќе се набават мал фрижидер и елетричен шпорет за едно семејство. За да го остварат замисленото волонтерите поставија собирен штанад пред културниот центар за време на одржување на драмата „Стаклена менажерија“, потоа заедно со мајките и бабите на учениците од ООУ „Јосип Броз – Тито“ и во соработка со дел од маркетите во градот одржаа Хуман појадок за сите граѓани. Со овие активности тие успеаа да соберат доволно средства за да обезбедат мал електричен шпорет, фрижидер и пакет со прехранбени производи за семејството.

Изработиле: Љупка Павлова, Катерина Атанасова, Илина Крстева, Ивана Петрова, Лемонтина Андонова, Донатела Пејовска
Дисеминатор: Габриела Николова

**ООЦК Валандово – *„Хуманост на дело“***

Целта на младите во овој проект беше да им помогнат на едно социјално загрозено семејство со тоа што ќе организираат повеќе хуманитарни активности преку кои ќе обезбедат средства за да им купат дел од покуќнината. За да успеат во тоа младите поставуваат кутија за донации за време на училишните спортски натпревари, потоа организираат модна ревија со учениците од I до V одделение и на крајот организираат продажна изложба на скулптури изработени од учениците од нивното училиште. Со организирање на овие активности тие успеваат да соберат доволно средства за да обезбедат мини шпорет, садови за домаќинство и храна за семејството.

Изработиле: Софија Петкова, Мартина Филова, Драгана Занова, Данче Јанкова, Ханџихан Исмаилова, Христина Проданова, Ева Тодорова, Марија Делева
Дисеминатор: Габриела Николова

**ООЦК Валадново – *„Мали работи со голема љубов“***

Целта во овој проект беше да се помогне во доизградба на куќата на едно семејство. За да го остварат тоа тие организираат хуманитарен спортски натпревар во ракомет, хуманитарна првоаприлска забава под маски, хуманитарен концерт и завршна хуманитарна забава со школскиот бенд. Откако ги завршија активностите тие собраа 13080 денари со кои обезбедија

прехрамбени продукти, материјал за доизградба на куќата на семејството, а исто така платија и мајстори кои ќе работат на доизградбата на куќата.

Изработиле: Зорица Ефремова, Катерина Јовановиќ, Марија Илиевска, Марија Чиркова, Снежана Зајкова, Магдалена Ѓорѓиевска
Дисеминатор: Габриела Николова

**ООЦК Валандово – *„Подобар вид, подобар живот"***

Во овој проект целта беше да се обезбедат финансиски средства за да се платат дел од трошоците за операција на око на малиот Едо. За да ги обезбедат финансиксите средства, младите од овој проект, организираат 2 хуманитарни концерта и продажба на цвеќиња и маски за 1 април, при тоа собираат 15 030 денари со што плаќаат дел од операцијата на Едо.

Изработиле: Анета Тодоровска, Душица Трајкова, Моника Органџиева, Камелија Штерјова, Јулија Трајкова, Нада Аџиева, Рената Чочкова, Душица Марушкова, Благица Павлова, Теодора Илиева, Симона Органџиева, Ружица Тенекеџиева
Дисеминатор: Габриела Николова

**ООЦК Центар – *„Поубав поглед кон светот"***

Младите кои го изработуваа овој проект решија да помогнат на 2 девојчиња, близначки, кои учат во нивното училиште и живеат со нивната самохрана мајка. По истражувањето на потребите на ова семејство тие организираат изведба на 6 театарски куклени претстави, слаткаријада и собирна акција во нивното училиште. Со тоа младите успеваат да обезбедат доволно средства за да купат фрижидер за семејството, а покрај тоа преку донации обезбедуваат наочари за едното девојче, училишен прибор, облека и прехранбени и хигиенски продукти.

Изработиле: Ивана Неделкова, Јасмина Добревска, Моника Лозанова, Магдалена Шишковска, Садета Агуш, Елена Рајевска
Дисеминатор: Вероника Маринковиќ

**ООЦК Центар – *„Заедно да затоплиме нечие срце"***

Целта на младите кои го изработуваа овој проект беше да обезбедат шпорет на дрва, пакет со храна, патики и канта поликолор за еден самохран татко и неговото семејство. Преку органзирање на неколку собирни акции на кои

волонтерите на донаторите делеа пораки за хуманост тие успеаа да соберат доволно средства за да им обезбедат шпорет на дрва, два пара патики, донација на канта поликолор од соседството и обезбедување на пакети со храна и хигенски средства за месец април и во наредните 2 месеци за семејството.

Изработиле: Тамара Симиќ Камелија Спасовска
Дисеминатор: Вероника Маринковиќ

**ООЦК Центар – *„Подари насмевка“***

Целта на младите од овој проект беше да помогнат на децата кои престојуваат во Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас и овозможување на посреќен престој колку што е возможно. Со таа цел тие организираат 4 посети во стациоарот кој е дел од „Завод за рехабилитација на слух, глас и говор“ , и работат и си играаат со двете дечиња што престојуваат таму. Покрај тоа тие преку собирна акција собираат и парични средства за да обезбедат музички инструменти (еден пар кастањети, 2 блок флејти, ксилофон, усна мелодика, усна хармоника, дајре) кои им се потребни на сите деца кои одат на рехабилитација во заводот.

Изработиле: Јана Ристовска, Анастасија Јосифовска
Дисеминатор: Вероника Маринковиќ

**ООЦК Центар – „Преку игра до насмеани лица“**

Целта во овој проект беше да се обезбедат доволно финансиски средства за да може едно девојче да оди на матурската екскурзија на која оди целата генерација. За да ја остварат својата цел тие организираат турнир во фудбал во нивното училиште и собирна акција во ТЦ „Рамстор“, преку тоа успеваат да соберат доволно парични средства за да се финансира екскурзијата за девојчето.

Изработиле: Александра Зографска, Ангелина Станојковиќ
Дисеминатор: Вероника Маринковиќ

**ООЦК Центар – *„Слушни музика, подари живот“***

Целта на овој проект беше собирање на финансиски средства за помош на малата Матеа, со цел да се реализира нејзината операција во Италија. Со таа замисла младите организираат 2 хуманитарни концерта за да соберат парични

средства, едниот во ДХО „Даре Џамбаз“ со бендови и солисти од нивното училиште ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“, а на вториот концерт настапуваа учениците од нижото музичко училиште. Тие собираат 10 000 денари кои потоа се донирани на сметката на Матеа за нејзиното лекување.

Изработиле: Андреј Весиќ, Љубица Неткова, Изабела Велковска
Дисеминатор: Вероника Маринковиќ

**ООЦК Центар –** ***„Да патуваме заедно со заеднички спомени и доживувања“***

Целта на овој проект беше да се обезбедат парични средства за реализација на екскурзија на две девојчиња, близначки, од едно соцјално- загрозено семејство. За да ги обезбедат потребните финансиски средства младите волонтери организираат хуманитарен турнир за кошарка во СУГСГ „Раде Јовчевски – Корчагин“ и собирна акција во ТЦ „Рамстор“. Со организирање на тие активности тие успеваат да соберат 28 500 денари кои се уплатени за реализација на екскурзијата за двете девојчиња.

Изработиле: Теодор Граматниковски, Виктор Садиковиќ, Петар Крстевски
Дисеминатор: Вероника Маринковиќ

**ООЦК Центар –** ***„Заедно за Николче“***

Целта на овој проект беше да се помогне на едно социјлано загрозено семејство чие дете учи во училиштето на волонтерите кои го изработуваа проектот, дете кое во својот дом нема соодветни услови за да може да си ги врши своите училишни задачи. За да го променат тоа волонтерите организраа забава, слаткаријада и собирна акција во нивното училиште со што успеаа да соберат доволно средства за да обезбедат полици и биро за малиот Никола, а покрај тоа преку донации обезбедија и пакети со прехранбени и хигиенски продукти.

Изработиле: Стефан Величков, Мартин Цветковски, Иван Зарковски, Марко Гечев
Дисеминатор: Вероника Маринковиќ

**ООЦК Центар –** ***„Направи потег за подобро утре“***

Младите волонтери кои го изработуваа овој проект сакаа да обезбедат 2 панел

греалки за просторијата за одмор во Преспа која служи за штитениците на здружението „Мобилност“. За да ја остварат својата цел тие организираа собирна акција, а во соработка со здружението организираа и шаховски турнир и проекција на филм во просториите на ДХО„Даре Џамбаз“.

Изработиле: Марија Јовановска, Ана Ноевска
Дисеминатор: Вероника Маринковиќ

**ООЦК Центар – *„Со хумана акција до уште една насмевка“***

Во овој проект целта беше да се обезбеди електричен шпорет за едно социјално загрозеното семејство  со цел да им се олеснат условите за живот. За да ја остварат својата замисла младинците организираат 2 собирни акции, едната за 1 април со тоа што го обезбедуваат пано за сликање на кое минувачите ќе можат да се фотографираат како волонтери на Црвениот крст. За втората собирна акција тие организираат креативна работилница на која изработуваат смајлиња и пораки за хуманост кои потоа ги делат на луѓето кои донираат. Со тие две акции тие успеваат да обезбедат доволно средства и да донираат електричен шпорет на семејството.

Изработиле: Мила Додевска, Зорица Ставрова, Неда Нешовска
Дисеминатор: Вероника Маринковиќ

**ООЦК Радовиш – *„Сите да бидеме хумани“***

Целта на младите кои го изработуваа овој проект беше да помогнат на социјално загрозеното семејство од с.Покрајчево. Со таа цел тие организираат собирен штанд кој го промовираат преку плакати низ целиот град и на социјалните мрежи, за потоа по реализацијата да соберат доволно средства за да направат 4 пакети со облека, 3 пакети со храна и 1 хигиенски пакет за семејството.

Изработиле: Стефанија Србакова, Симона Атанасова, Катерина Таранинова, Анастасија Накова
Дисеминатор: Милка Коцева

**ООЦК Радовиш – *„Светла иднина“***

Корисници на кои сакаа овие млади да им помогнат се членовите на едно социјално зарозеното семејство од Радовиш, со три мали дечиња, така што ќе

им обезбедат храна, облека и други средства потребни за живот во нивната мала куќичка. За да ги обезбедат потребните средства младите организираа 2 собирни акции во основните училишта „Никола Карев" и „Крсте Петков Мисирков", знаејќи дека тоа не е доволно тие организираат и хуманитарен настан на кој настапуваат културно уметничкото друштво „Бучим" и децата од 6 и 8 одделение од ООУ „Крсте Петков Мисирков". Со реализација на активностите тие обезбедуваат пакети облека, пакети храна, и 20.000 денари со кои купуваат кревет, масичка, комода и теписон, за да го разубават детското катче , во кое што тие ќе учат и ќе можат да се дружат со пријателите.

Изработиле: Далибор Ѓеорѓиев, Марија Митева, Марија Јованова, Адам Банов, Зоран Митев, Георгиена Донева, Димче Димов
Дисеминатор: Милка Коцева

**ООЦК Радовиш – *„Хуманоста е израз за љубов"***

Во овој проект младите имаа за цел да ги подобрат животните услови на едно семество во кое таткото е болен и секојдневно оди на лекување. По истражувањето и увидувањето на потребите волонтерите организираат 2 хуманитарни театерски претстави „Газели" и „Ако згрешам, нека изгорам", хуманитарен настан со ораторски говори и стихотворби и хуманитарен турнир во ракомет. Со организирање на сите тие активности тие успеваат да соберат 17 000 денари со кои обезбедуваат кревет, маса и комоди за семејството, дополнително обезбедуваат и 10 пакети со храна и 6 со облека и обувки за семејството.

Изработиле: Стефанија Ристова, Симеона Томова, Милена Митева, Зорица Анастасова, Антонио Донев, Илија Митев
Дисеминатор: Милка Коцева

**ООЦК Радовиш – *„Да помогнеме можеме сите"***

Целта на овој проект беше да се помогне на 5 годишната Стефанија која боледува од вродена срцева аномалија и на која и се потребни парични средства за лекови и оперативни зафати. Покрај малата Стефанија тие како корисници ги имаат и лицата со интелектуална попреченост од „Порака" така што ги активираат во нивните активности за помош на Стефанија. Волонтерите организирааткреативна работилница за рачни изработки и нивна продажба со лицата од „Порака" и хуманитарен концерт, покрај тоа дополнително

обезбедуваат и донација од фирмата „Бучин“ со што тие вкупно собираат 76 000 денари и ги донираат на Стефанија.

Изработиле: Даниела Коцева, Стефан Коцев, Даниела Трајанова, Ристе Василев, Христина Берланчиќ
Дисеминатор: Милка Коцева

**ООЦК Радовиш – *„Хуманост на дело“***

Младите кои го изработуваа овој проект сакаа да помогнат на едно семејство на самохрана мајка со 3 деца, од кои едното има оштетен вид и е потребно да носи наочари. За да може да му помогнат на ова семејство тие организираат хуманитарен концерт на кој настапуваат мали балерини, хор, оркестар, Костадин со хармоника, се читаа песнички, а имаше и две играорски групи. На тој начин тие успеваат да соберат доволно средства да обезбедат средства за наочарите за детето, кујнски прибор, надокнада за данокот на семејството и обезбедија пакет со храна.

Изработиле: Анета Петрова, Наталија Здравкова, Славица Атанасова, Ангела Митрева, Верче Ефремчева
Дисеминатор: Милка Коцева

**ООЦК Демир Хисар – *„За здрава и среќна заедница“***

Целта на овој проект беше да се заштитат пациентите од ЈЗУ Психијатриската Болница-Демир Хисар од разни преносливи болести кои можат да се пренесат од кучињата, со нивно вакцинирање, така што контактот со меѓу нив би се направил безбеден по здравјето на пациентите. За да го остварат тоа младите собираат средства така што организираат повеќе кино проекции низ повеќе околни села и низ градот, а покрај тоа и организираат стрип изложба која трае 3 дена и на која има работилници за тоа како се изработува еденс стрип. На крајот од овие настани собраните сретства беа употребени, со помош на ветеринарната амбуланта "Зебра", за преглед и вакцинација на животните.

Изработиле: Габриела Митревска, Билјана Лозановска, Емилија Павлевска, Елена Котевска, Виктор Стојкоски, Александра Најдовска
Дисеминатор: Билјана Цветановска

**ООЦК Демир Хисар – *„Луѓето се повеќе од дијагнозата“***

Во овој проект младите имаат за цел да ја подигнат свеста за нестигматтизирање на пациентите од душевната болница во Демир Хисар. За да го направат тоа тие организираат креативна работилница за изработка на предмети и потоа ги продаваат истите на Денот на здравјето, а исто така изработуваат и делат флаери за нестигматизирање на пациентите од болницата.

Изработиле: Ирена Јовановска, Софија Видановска, Ана Колевска, Бојан Ѓоргијовски
Дисеминатор: Билјана Цветановска

**ООЦК Карпош – *„На хуманоста и нема крај“***

Целта на младите кои го изработувале овој проект беше да обезбедат 5 инхалатори за детската клиника во Козле, Скопје. За да ги обезбедат потребните парични средства за купување на инхалаторите тие организираат собирни акции низ училиштата во Карпош со што собираат доволно пари и успеваат да ги купат инхалаторите за болницата.

Изработиле: Филип Пантов, Ангела Ѓорѓиоска, Полина Иоану ,Ивана Стојчевска
Дисеминатор: Александра Михајловска

**ООЦК Карпош – *„И малите дела се големи“***

Целта на младите кои го изработуваа овој проект беше да помогнат при собирање на парични средства за лекување на Марга. За да соберат парични средства волонтерите органзираат 2 собирни акции, хуманитарен осмомартовски базар во ОУ „Димитар Македонски“ и одржување на хуманитарна театарска престава „Власта на жените“. Собрани се 11 804 денари кои се префрлени на трансакциската сметка на Марга како допринос во собирањето финансии за вториот третман кој и беше потребен.

Изработиле: Стефани Петреска, Сара Лекова, Теодора Лазаревска, Ема Стојановска
Дисеминатор: Александра Михајловска

**ООЦК Карпош –** ***„Заедно за подобар живот на семејството“***

Младите кои го изработуваа овој проект имаа за цел да помогнат на едно семејство од Скопската населба Волково во собирање на финансиски средства за купување на основните продукти за живеење кои им се потребни на семејството. По истражувањето и увидување на потребите на семејството младите организираат собирна акција со касичка за донации, кошаркарски натпревар и собирна акција за храна и хигиенски средства. Со собраните пари беа купени мало шпоретче и апаратче за притисок, преку донација е обезбедена и спална за семејството, а исто така се обезбедени и 3 пакети со прехранбени и хигиенски производи.

Изработиле: Георги Михајловски, Бојана Вуковојац, Мартина Добревска, Антонио Кажиќ, Берта Стојковска
Дисеминатор: Александра Михајловска

**ООЦК Карпош –** ***„Со хуманост до безгрижно детство“***

Целта на овој проект беше да се помогне на 7 годишниот Марко со парични средства за неговиот хируршки зафат на левата нога, при тоа да се донираат и облека, храна и хигиенски продукти. За да го остварат замисленото младите организираат продажба на рачни изработки за 8 март, проекција на 2 филма и 2 собирни акции во супермаркетите во нивната околина. Со тоа тие собираат 12 000 денари кои ги донираат за хируршкиот зафат на Марко, и донираат пакети со прехранбени, хигинески продукти и облека.

Изработиле: Давид Стоимировски, Амра Личина, Марија Китевска, Ирма Аломеровиќ, Тихомир Јанев
Дисеминатор: Александра Михајловска

**ООЦК Карпош –** ***„Разликите не прават побогати“***

Младите кои го изработуваа овој проект имаа за цел да пружат помош и поддршка во подобрување на социјализацијата и поддршка во воспитно-образовниот процес на целната група која се состоеше од 10 деца од различни ранливи категории. За да го остварат замисленото тие организираа и реализираа 19 активности од културен, историски, уметнички, рекреативен, забавен, здравествено-превентивен и едукативен карактер преку кои е подобрена социјализацијата на целната група, подобрена е прифатеноста од

страна на средината и овозможено е децата да бидат активно вклучени во средината; одржани се вкупно 60 едукативни часови (по 35 минути) за помош и поддршка во воспитно-образовниот процес на 4 деца од целната група преку кои истите се стекнаа со нови знаења и ги проширија веќе стекнатите знаења од предметите англиски јазик и македонски јазик и литература; стекнати се нови знаења и проширени се веќе стекнатите знаења кај целната група на теми поврзани со секојдневното живеење, стекнување на работни, хигиенски и други животни навики и вештини преку едукативни предавања, разговори и дебати за време на нашите средби и активности со нив и подобрена и зголемена е комуникацијата на целната група со нивните врсници. Покрај сето тоа собрани се вкупно 3.895 денари од собирна акција и со истите се обезбедени мали кујнски апарати (по еден миксер и еден тостер) за две социјално загрозени семејства.

Изработиле: Ана Илиевска, Ангела Јордановска
Дисеминатор: Александра Михајловска

**ООЦК Карпош – *„Поодршка за болните"***

Целта на овој проект беше поддршка на клиниката „Козле", и лицата кои се згрижени во неа. Младинците ја остваруваат оваа поддршка со донирање на 22 постелнини за болницата, кои успеваат да ги обезбедат преку собирна акција и турнир во одбојка во средното училиште„Орце Николов".

Изработиле: Борјана Велковска, Сара Канг, Ана Величковска, Нина Данстак, Ивана Балоска
Дисеминатор: Александра Михајловска

**ООЦК Карпош – *„Подари знаење, спаси живот"***

Цел на овој проект беше да се научат и најмалите на живото спасувачки вештини, односно да се научат децата од градинка како да дадат прва помош. Со таа цел младите организираат обуки за 600 деца од сите градинки во општина Карпош и за децата од I до III одделение во ОУ „Јан Амос Коменски". Основен фокус на овие обуки беше да се научат децата како да реагираат на повредите кои најчесто се случуваат, односно како да дадат помош на некој што ќе го снајде таа повреда, но и да знаат да си дадат самопомош.

Изработиле: Ања Давитковска, Ема Ивановска, Павлина Нечовска, Андреа Диневска, Андреј Николиќ

Дисеминатор: Александра Михајловска

**ООЦК Карпош – *„Помогни на некој, тоа не го прави секој“***

Целта на младите од овој проект беше да се подобрат животните услови на едно тричленото семејство така што ќе им се донираат прехрамбени и хигиенски продукти, облека и апарати за домаќинство. По истражувањето на потребите на семејството младите организираат повеќе собирни акции и успеваат да соберат 19 048 денари, од кои 16 940 се искористени за купување на мини шпорет со рерна, 2 француски панели за греење, фен, пегла, електричен сецко и тостер, а преостанатите 2108 денари ги искористија за купување на лекови за болната баба. Дополнително беа донирани на семејството и сите парчиња облека, прехрамбени и хигиенски продукти кои беа собрани за време на штандовите во СП Маркетот и на собирната акција во ОУ Јан Амос Коменски.

Изработиле: Павлина Нечовска, Андреа Диневска, Ања Давитковска, Ема Ивановска, Андреј Николиќ
Дисеминатор: Александра Михајловска

**ООЦК Карпош – *„Хумани срца за безгрижност и насмевки“***

Целта на овој проект беше да се помогне со снабдување на облека, обувки и играчки за жените и децата од Шелтер Центарот за лица жртви од семејно насилство. За да ги обезбедат потребните продукти младите од овој проект организираат 3 собирни акции за облека, обувки, играчки и хигиенски продукти во нивното основно училиште „Владо Тасевски“. Со реализација на собрините акции тие донираат на центарот 102 пакети со над 350 парчиња облека и обувки, а во дел од кутиите се наоѓаа и голем дел играчки наменети за децата.

Изработиле: Миа Димовска, Викторија Гоговска, Марина Спанчевска, Евгенија Сарова,
Дисеминатор: Александра Михајловска

**ООЦК Карпош-Скопје – *„Пружи рака, спаси некого од мака“***

Целта на младите од овој проект беше да се подобрат условите за живот на едно семејство откако изгорела нивната куќа. Преку организирање на хуманитарен базар по повод 8 март, ден на филмот, собирна акција, продажба на кафе, хуманитарен штанд во Веро, хуманитарен концерт во Дом на АРМ тие успеале да соберат 43 375 денари со што се обезбедни фрижидер, шпорет, машина за

перење алишта и бојлер за семејството.

Изработиле: Јана Бојаровска, Марта Филипашиќ, Ангела Илиевска, Тамара Димова
Дисеминатор: Александра Михајловска

**ООЦК Кратово – *„Од деца за деца – за безбедно детство“***

Целта во овој проект беше да се социјализираат децата со посебни потреби при центарот за дневен престој при ЦСР Кратово и да им се помогне самите да си укажат прва помош кога тоа им е потребно. Младите органзираат неколку обуки во центар за укажување на прва помош и организираат собирна акција со која собираат 650,00 денари и купени се продукти што им се однесени на децата, а ке им користат во нивнијот секојдневен престој таму.

Изработиле: Катерина Николовска, Томислав Тодоровски, Весна Тодоровска, Бојана Коцевска, Стефанија Георгиевска
Дисеминатор: Рада Зафирова

**ООЦК Кратово – *„Маскенбал е и за децата од ЦСР“***

Целта на младите во овој проект беше да организираат дружење и изработка на маски по повод 1-ви Април, денот на шегата за штитениците на Центарот за дневен престој при ЦСР Кратово. За да обезбедат материјали за изработка на маските волонтерите организираат собирна акција низ фирмите и државните институции во градот од која собираат доволно средства за материјали за маските. Пред 1 април тие органзираат дружење со штитениците од центарот на кое и ги изработуваат маските.

Изработиле: Илија Спасовски, Бојан Спасов, Сара Мијалковска, Бојана Георгиевска
Дисеминатор: Рада Зафирова

**ООЦК Кратово – *„Една искрена непосредна насмевка вреди многу“***

Во овој проект младите сакаа да помогнат на две осамени и изнемоштени стари лица. Тие тоа го направија така што прво оргазнираа собирна акција од куќа до куќа и со собраните средства направија пакети со храна и хигиена, а потоа во текот на целиот проект барем еднаш неделно ги посетуваа старите лица за да им помагаат во нивните секојдневни обврски, но и да се дружат со нив со цел да

им го исполнат времето.

Изработиле: Адријана Анастасова, Бојана Георгиева, Ангела Јовановска, Оливер Иванов
Дисеминатор: Рада Зафирова

**ООЦК Кратово – *„Мала помош за големата борба на Давид со Голијат“***

Во овој проект целта беше да се помогне на Давид и неговото семејство така што ќе им се донираат пари за да се употребат за неговото континуирано лекување кој боледува од тумор на лево колено и некои основни прехранбени продукти. За да го остварат тоа младите организираат собирна акција на која собираат 60 000 денари и парите ги донираат на семејството, потоа органзиираат уште една собирна акција од која со собраните средства прават пакет со храна и го носат на семејсвото за време на Велигденските празници со цел разубавување на нивниот празничен ден.

Изработиле: Томислав Тодоровски, Пелагија Јосева, Новица Стојановски, Јована Чочевска, Димитар Јосев
Дисеминатор: Рада Зафирова

**ООЦК Кратово – *„Мајчината и стара насмевка е најдрага“***

Корисници на кои сакаа да помогнат младите кои го изработуваа овој проект се самохраната мајка и нејзиното дете со хендикеп. Тие организираат собирна акција на која собираат доволно средства за да им донираат пакет со храна, обувки и тренерки.

Изработиле: Бојан Спасов, Сара Мијалковска, Илија Спасовски, Бојана Георгиевска
Дисеминатор: Рада Зафирова

**ООЦК Неготино – *„Биди хуман, помогни таму каде што е потребно“***

Целта на овој проект беше да се помогне на едно двочленото семејство составено од самохрана мајка и син, така што ќе им се обезбедат плочки за во нивниот тоалет. За да ја остварат својата цел младите организираа продажба на сокови кои ги добија како донација и проекција на цртан филм во ОУ „Страшо Пинџур“, додека во текот на целиот проект тие имаа поставено и кутии за донации во 2 локални кафучиња. По завршетокот на акциите тие успеаа да

соберат 10 000 денари со кои обезбедија доволно плочки и лепак за тоалетот на семејството.

Изработиле: Симона Јорданова, Елена Петрова, Дарко Здравков, Диме Петров
Дисеминатор: Милена Јовановска

**ООЦК Неготино –** ***„Хуманоста е ретка птица која лета во рамките на напатеноста"***

Во овој проект младите сакаа да помогнат на една жена кој живее во тешки услови, така што ќе и ја малтерисаат една од разрушените соби. По увидување на потребите на корисникот, со цел да и ги обезбедат истите, тие организараа продажен штанд на сокови, собирна акција пред ноќниот клуб и прикажување на претставата „Погоди кој доаѓа на вечера". Со тоа тие успеаа да соберат доволно средства за да обезбедат вар и малтер за жената и да и ја обноват собата, а покрај тоа и донираа и облека од залихите на ООЦК Неготино.

Изработиле: Ангела Димова, Трајче Глигоров, Никола Ивановски, Христијан Димитров
Дисеминатор: Милена Јовановска

**ООЦК Неготино –** ***„Биди хуман, спаси живот"***

Целта на младите од овој проект беше да се помогне на 23 годишниот Илија со финансиски средства за да може да отиде на операција и за понатамошна терапија. За да соберат што повеќе парични средства тие организираа хуманитарен фолклорен настант, продаваа карти за дербито Вардар-Тиквеш, добија дополнителна донација од навивачката група Винари Запад и поставја кутии за донации низ повеќе кафулиња во градот кои седеа во текот на изработка на целиот проект. На крајот младите собраа 5 300 евра кои ги донираа на сметката на Илија.

Изработиле: Ивана Ристовска, Маја Јакова, Цветанка Пасинечка, Јован Цолев, Тимотеј Илиев
Дисеминатор: Милена Јовановска

**ООЦК Неготино –** ***„Со повеќе знаења до посакуваната цел"***

Целта на младите од овој проект беше да ги научат англиски јазик лицата од

Дневниот Центар „ПОРАКА", а воедно и да ја променат нивната дневна рутина. Во текот на проектот младите реализраат 12 часови по англиски јазик за лицата од центарот, преку кои на забавен и интереактивен начин ги учеа на основните поими од англискиот јазик. Покрај часовите по англиски јазик, младите еден ден оргазнираат заедно со лицата од дневниот центар и чистење на салата во Неготино со што овозможуваат еден убав простор за дружење.

Изработиле: Давид Најдов, Марија Деловска, Марија Петреска, Теодора Делкова, Стојанов Љупче
Дисеминатор: Милена Јовановска

**ООЦК Кочани - *„Од срце за семејството "***

Целта во овој проект беше да се помогне на осумчленото социјално загрозени семејство. Главна цел на младите кои го озработуваа проектот беше покривање на трошоците за болничко лекување на еден член од семејството и неговата придружба, обезбедување на основни прехрамбени продукти и обезбедување на основен инвентар и облека.
Преку организирање на проекција на анимираниот филм „Мињони" младите собираат 6150 денари со кој се платени трошоците за болничко лекување, а со останатите пари е обезбеден хумунитарен пакет. Обезбедена е и вреќа брашно од 25кг со помош на спонзорство, а исто така обезбеден е и кревет преку донации и потребна облека за членовите од семејството.

Изработиле: Сара Ангелова, Јана Игнатова, Ана Хаџи Паунова, Ленче Иванова, Ненад Вангелов, Кристијан Анакијев; Ментор: Сандра Ангелова
Дисеминатор: Иле Матеничарски

**ООЦК Кочани – *„Детска насмевка"***

Корисници во овој проект беа децата кои престојуваат во Детското одделение во ЈЗУ општа болница-Кочани, а младите кои го озработуваа проектот имаа за цел да им помогнат така што ќе им го уредат дневниот престој во детското одделение и ќе обезбедат креативни материјали, постелнини и топломери. Преку спонзорства и организација на собирна акција за време на првоаприлското дефиле тие успеваат да обезбедат доволно средства за го уредат детскиот дневен престој во ЈЗУ општа болница-Кочани така што ги разубавуваат ѕидовите со цртежи и обезбедуваат креативни материјали за

децата, а воедно го снабдуваат одделението со постелнини и топломери.

Изработиле: Јорданова Љупка, Ѓоргиевска Ана, Наумова Сандра, Ефремова Тијана, Иванова Мартина-ментор
Дисеминатор: Иле Матеничарски

**ООЦК Кочани – *„Во ритамот на хуманоста"***

Целта во овој проект беше да се подобрат условите за живот на едно семејство така што ќе се обезбедат основни апарати за домаќинството. Со организација на хуманитарен концерт под наслов "Во ритамот на музиката„ на кој учествуваа многу познати и талентирани млади бендови од Кочани беа собрани 8 552 денари. Со тие средства е обезбеден мини електричен шпорет и греалка, тави, тенџериња, кебе и пакет со прехранбен производи.

Изработиле: Симон Иванов, Никола Андов, Горјан Иванов, Ивано Данилов; Ментор: Бојана Постолова
Дисеминатор: Иле Матеничарски

**ООЦК Кочани – *„Нечија насмевка – наша најголема награда"***

Младите кои го изработуваа овој проект имаа за цел да обезбедат машина за перење на алишта за 3 члено семејство, самохран татко и 2 деца. Тие успеваат да ја обезбедат машината така што собираат пари преку органзирање на продажба на слатки, прокеција на филм, продажба на пуканки и поставување на кутија за донации и продажба на бонови во локалните пицерии.

Изработиле: Елена Крстева, Антонија Филипова, Ангела Цветкова, Никола Ѓорѓиев, Вероника Димитрова, Марија Коцева,
Ментори: Елена Лефкова, Андреј Стојанов
Дисеминатор: Иле Матеничарски

**ООЦК Кочани – *„Со љубов до хуманост без граници"***

Целта во овој проект беше да се подобрат условите за престој на децата во специјалната паралека за деца со пречки во развојот во ОУ „Малина Поп Иванова". По истражување на потребите младите организираа хуманитарен натпревар во кошарка каде се собрани 10.200 денари, воедно со продавање на вредносни бонови собрани се дополнителни 500 денари или севкупно 10.700 денари. Обезбедени се потребите на целната група со купување на завеси (вариолајти) и ламинатор, а исто така со децата од специјалната паралелка

одржани се и 2 едукативни работилници каде преку интеракција со децата се изработени првоаприлски маски и велигденски изработки.

Изработиле: Јована Сердарска, Милана Соколова, Љупка Симеонова, Ивана Стојанова, Михаела Манева, Зорица Митева, Михаела Велинова-ментор, Надица Манасиева-ментор
Дисеминатор: Иле Матеничарски

**ООЦК Кочани – *„Капка помош – вечно благодарам"***

Целта на овој проект беше да се обезбедат пристојни услови за биолошките потреби и одржување на хигиената на еден самохран татко со 2 деца.
Преку организација на хуманитарен пинг-понг натпревар, на кој имаше и музички точки од основното училиште и организација на хуманитарен концерт со културно уметнички друштва се собрани 20 765 денари со кои се обезбедени сите потребни материјали за бањата, додека дополнително преку донација е обезбеден и бојлер.

Изработиле: Олгица Тодорова, Стојанче Велков, Благој Соколов, Јована Јангеловска, Лила Кушевска, Благица Тасова
Дисеминатор: Иле Матеничарски

**ООЦК Делчево – *„Информираноста значи живот"***

Целна група во овој проект беа пензионерите од пензионерскиот дом во Делчево. Младите сакаа да ги информираат за навремена превенција и да ги едукацираат за срцево садови заболувања и шеќерни болести пензионерите во Делчево. За таа цел младите организираа 2 посети во пензионерскиот дом, на првата со претходно обезбедени материјали и апарати тие го измерија нивото на шеќер во крвта и крвниот притисок на пензионерите кои престојуваа во домот, додека за време на вотрата посета тие им одржаа едукација за срцево-садови и шекерни болести.

Изработиле: Андреј Иванов, Бојан Јовановски, Бојан Трајановски, Давид Ристов, Михаел Јовановски, Иван Даневски
Дисеминатор: Ивана Димиторвска

**ООЦК Делчево – *„Да му помогнеме на Матеј"***

Целта на овој проект беше да се соберат доволно парични средства за да може

да се испрати 4 годишниот Матеј на испитувања за неговата здравствена состојба. За таа цел беше отворена сметка на Fundraiser на www.generosity.com на која преку промоцијана интернет се собрани 671 долари кои подаоцна се префрлени на сметката за лекување на Матеј.

Изработиле: Александра Стојанова, Иван Стоилов, Ивана Стоиловска, Александар Атанасов, Ана Георгиевска
Дисеминатор: Ивана Димиторвска

**ООЦК Делчево – *„Црвен крст и модните конфекции“***

Целта во овој проект беше да се обноват и дополнат обележјата на ООЦК Делчево за подобра препознатливост на волонтерите во градот. Преку донации од модните конфекции тие успеваат да обезбедат 20 кецели сошиени и соодветно означени со принт на знакот на Црвен Крст и 1 знаме со димензии 1м x 2м.

Изработиле: Кристијан Васев, Дарко Стоименовски, Сандра Милошева, Михаела Димитровска, Ана Горгиевска, Анастасија Дончевска
Дисеминатор: Ивана Димиторвска

**ООЦК Делчево – *„Хуманиот април“***

Целта на овој проект беше барем малку да се подобрат животните услови на една мајка и нејзиниот син. Со таа замисла младите кои го изработуваа проектот успеаа да обезбедат машина за перење на алишта, пакети со храна, плакар и тепих. Дел од покуќнината е обезбедена преку донации додека машината за перење алишта и храната се обезбедени со парични средства кои се собрани преку организација на хуманитарен настан за 1 април на кој имаше таноцви, музички и театарски изведби.

Изработиле: Марија Дончевска, Михаела Маџова, Стоименова Сара, Елеонора Трајанова, Тамара Ковачка, Теона Димитровска
Дисеминатор: Ивана Димиторвска

**ООЦК Кавадарци – *„Зрак светлина во мракот“***

Целта на овој проект беше да се помогне на едно шест членото семејство и да им се подобрат условите за живот со тоа што на семејството ќе им се обезбеди нов шпорет за греење на дрва, со цел поудобно да ги минуваат зимските денови. Од

организираните хуманитарни настани – хуманитарната куклена претстава „Овошна караница", како и главниот хуманитарен турнир во мал фудбал, младите успеаа да соберат 8 300 денари, а финансиските средства од овој проект се наменија за потребите на семејството со што им се купи шпорет за греење на дрва.

Изработиле: Роза Милкова, Благица Кузева, Симона Темелкова
Дисеминатор: Анастасија Јовановска

**ООЦК Кавадарци – *„Мали нешта со голема љубов"***

Целта во овој проект беше да се помогне на едно старо лице од с. Ресава и да и се подобрат условите за живот со тоа што ќе и се обезбеди нови штаки за да може полесно да се движи и да ги извршува своите секојдневни обврски и потреби, како и нов тепих и останати средства кои и беа потербни. За таа цел оваа група реализира Хуманиатрен турнир во шах, табла и домино, во соработка со Здружението на пензионери во Кавадарци, од овој хуманитарен турнир, младите успеаа да соберат 1 310 денари, доволно за да ги купат новите штаки за пензионерката. Купени се два вида на штаки - едни со потпирање на лактите и други поголеми со држачи, кои ќе и овозможат полесно да се симне до продавницата и да си ги земе потребните продукти. Од собирните хуманитарни акции кои младите ги реализираа во ООУ „Тошо Велков Пепето", успеаа на оваа стара и изнемоштена жена да и обезбедат нов тепих, јорган, облека и други потребни средства за домот и домаќинството.

Изработиле: Елена Стојанова, Елена Спирова, Стефанија Николова, Моника Коцх, Ивана Николова
Дисеминатор: Анастасија Јовановска

**ООЦК Кавадарци – *„Насмевката е бесценета, затоа подари ја некому"***

Целта во овој проект беше да се помогне на едно семејство, поточно да се обезбеди дел од покуќнината, но и да се помогне со облека и училишен прибор на ќерката во семејството. За да ја остваварат својата цел преку организација на собирни акции тие собираат доволно пари за да обезбедат маса, столици, сушара и кујнски прибор, а преку дополнителни донации успеваат да обезбедат храна, облека и училишен прибор за малата девојка.

Изработиле: Марија Бошева, Верица Конева, Пандорка Јанакиева,

Величе Кузева
Дисеминатор: Анастасија Јовановска

**ООЦК Кавадарци – *„Биди другар, подај рака"***

Целта на младите од овој проект беше да се подобрат условите за живот во однос на хигиената, здравјето и социјалната вклученост на едно седумчленото семејство од Општина Кавадарци. Преку организација на хуманитарен концерт на кој имаше танцови и узички изведби се собраа 12.250 денари, од кои се обезбеди машина за перење на алишта и пегла.

Изработиле: Стефан Срњаков, Ѓорѓи Срњаков, Розе Мишова, Стефан Лазов
Дисеминатор: Анастасија Јовановска

**ООЦК Кавадарци – *„Среќа е да направиш некого среќен"***

Целта на младите кои го изработуваа овој проект беше да се направи социјализација и вклученост во секојдневниот живот на децата од малиот групен дом од Кавадарци и донирање на потребните средства во малиот групен дом за подобрување на квалитетот на просторот во кој престојуваат, а со тоа и квалитетот на нивното секојдневие. Со вклучување во разни работилници и посветување на дел од времето на овие деца, младите придонесоа за промена во секојдневието на овие деца, за подобрување на нивната прифатеност и подигнање на нивната самодоверба. Во однос на материјалните средства потребни во домот, собрани беа 12 040 денари од хуманитарната театарска претстава „Љубов на трет поглед" и од тие пари беа обезбедени косалка за трева, аспиратор и маса со столчиња.

Изработиле: Дарко Зоков, Даниел Грков, Валерија Илова, Слободанка Тодорова, Фросина Димова
Дисеминатор: Анастасија Јовановска

**ООЦК Кавадарци – *„Уметност со нас, хуманост за вас"***

Младите кои го сработуваа овој проект решија да помогнат на едно семејство, чичко и две внучиња, така што ќе им го поврзат домаќинството на водоводна и канализациска мрежа, а притоа ќе им донираат и санитарија.
Преку организација на хуманитарниот настан под мотото „Уметност со нас, хуманост за вас" на кој што имаше ликовен конкурс на тема „Хуманост" и

музички-забавен дел, беа собрани 6 500 денари со кои се купија основните санитарни елементи за во тоалетот. Со преговори со Јавното претпријатие Комуналец на семејството им се обезбеди пристап до водовод и канализација.

Изработиле: Анастасија Иловска, Магдалена Орешкова, Кристина Стојанова, Кире Наумчев, Никола Крстевски
Дисеминатор: Елена Стојанова

***ООЦК Гази Баба-Скопје – „Гласен повик за помош"***

Преку овој прокет две девојки сакале да пробат да помогнат на сите они кои се во животно згорзувачка ситуација, но не можат да се јават на телефон и да ја објаснат ситуацијата во која се наоѓаат. Поради тоа со помош на еден студент од ФИНКИ тие развиле андроид апликација за лица со оштетен слух и говор кои преку апликацијата ќе можат да воспостават гласовна комуникација за помош и да објаснат каде се наоѓаат. Секој може да ја превземе апликацијата од GooglePlay.

Изработиле: Марија Петрушевска, Кристина Георгиевска
Дисеминатор: Филип Ивковски

**ООЦК Гази Баба – *„Насилството е проблем, не е решение"***

Целта на овој проект беше да се подигне свеста за превенција и заштита од семејно и врсничко насилство на ранлива категорија на ученици од Основното училиште "Наум Наумовски Борче".
Во текот на овој проект е направена обука за пет едукатори на три теми и тоа "Превенција од насилство", "Врсничко насилство " и "Род, пол и насилство", едуцирани се 38 ученици од Основното училиште "Наум Наумовски Борче" на тема Семејно и врсничко насилство, препознавање и превенција, изработен анкетен прашалник и спроведена е анкета на 100 испитаници според која потоа се изработува анализа од реализираните прашалници со примена на соодветна методологија за истата.

Изработиле: Михаела Станковиќ, Ангела Ѓорѓиева, Стефанија Арсовска, Марија Стефановска, Николина Петрушевска, Анастасија Гацева, Ментор: Клементина Аврамовиќ
Дисеминатор: Филип Ивковски

**ООЦК Гази Баба – *„Малите градинари“***

Целта на овој проект беше да се подигне свеста за самостојно одгледување и конзумирање на органски чиста храна од најрана возраст кај децата од градинката „25 Мај“ – објект „Искра“, М.А.Ченто. За да ја остварат својата цел младите прво огранизираат хуманитарен натпревар во ракомет преку кој собираат 4710 денари од кои успеваат да обезбедат 10 овошни садници и да ги засадат заедно со децата во дворот на градинката. При сето ова младите исто така организираат и едукација на децата за здрав живот и навики, конзумирање на органски чиста храна.

Изработиле: Сибела Абдиева, Наталија Алексовска, Мартина Сиљановска, Амелија Ебип, Ема Јачева; Ментор Михаела Манасиевска
Дисеминатор: Филип Ивковски

**ООЦК Гази Баба – *„Учиме со Никола“***

Младите кои го изработуваа овој проект имаа за цел да го зголемат успехот и поведението на новиот ученик во 6 одделение во ОУ „Вера Јоцик“, малиот Никола. За да му помогнат на Никола тие реализираат 30 предавања со времетраење од 2 часа за сите негови училишни предмети со цел да му се помогне на Никола со училишните задачи, а исто така и да си ги поправи оценките. Трудот резултира со успех и Никола си ги поправа оценките по предметите. Покрај тоа младите успеваат да му обезбдат и донација на таблет компјутер од„Anhoch“.

Изработиле: Ина Поповкса, Дарко Трајковски, Лука Велковски, Александар Петровски, Бојан Стеванов; Ментор: Стефани Тоневска
Дисеминатор: Филип Ивковски

***ООЦК Битола –* „За мирен сон, имај толеранција“**

Овој проект имаше за цел да се подигне свеста кај младите луѓе до 17 години од основните и средните училишта во Битола за мирот и толеранцијата.
За да ја остварат целта младите што го изработуваа проектот реализираа 18 интерактивни работилници на тема „Мир и толеранција“, со по 30 учесници, во

повеќе основни и средни училишта низ Битола. Покрај тоа тие организираа и завршна трибина со повеќе од 200 граѓани, претставници од училиштата, локалната заедница, полиција, локални медиуми и др. Со реализирањето на работилниците и трибината успеаа да информираат повеќе од 700 луѓе.

Изработиле: Андреа Шундовска, Јетмир Тефиковски, Евгенија Мицевска
Дисеминатор: Ангела Србиноска

**ООЦК Битола – *„Покрив на глава“***

Целта на овој проект беше да се санира оштетената и скоро распадната куќа на едно семејство од с.Могила. За да ја остварат замислената цел, младите побарале донации од повеќе градежни фирми и од општина Битола кои со задоволство им помогнале и им ги донирале сите потребни материјали за целосно да се реновира куќата.
Во меѓувреме покрај обезбедувањето на потребните материјали од локалните фирми, тие организирале и два хуманитарни настани, концерт и забава, на кои собрале дополнителни 9 440 денари, кои потоа биле уплатени на сметката на едно 12 годишно девеојче од с.Српци која има потреба од операција на рака.

Изработиле: Маја Милошевска, Ѓорѓи Трајковски, Томислав Николовски, Ивана Ангеловска, Ана Гунзовска-ментор
Дисеминатор: Ангела Србиноска

**ООЦК Битола – *„Повеќе јазици, повеќе отворени врати“***

Девојчињата кои го сработија овој проект, реализираат дека во нивниот град има многу националности, меѓутоа потешко комуницираат помеѓу себе, а исто така и тешко комуницираат со странци. Од тие причини одлучуваат да држат часови по албански, турски и англиски. Поради фактот што во Битола има и жени албанки дојдени од Албанија кои не зборуваат македонски, одлучуваат и да ги подучуваат македонски јазик. Дополнително, организираат и курсеви по албански и турски за волонтерите на организацијата, кои исто така, се во траење од по осум часа од јазик.
Договарааат да им биде отстапена салата во хотел Епинал, лепат плакати и пуштаат оглас во локален весник. Се пријавуваат вкупно 102 учесници. Одржуваат по осум часа на секој јазик – по два часа неделно.

Изработиле: Аделина Фејзула, Арбнора Абдиу, Сара Бошевска
Дисеминатор: Ангела Србиноска

**ООЦК Битола – *„Радоста на најмалите“***

Младите кои го изработуваа овој проект имаа за цел да обезбедат доволен број на играчки за децата од социјално загрозени семејства од ОУ Браќа Миладиновци - с. Добрушево и децата од дневниот Центар за ран детски развој. За да успеат да ги обезбедат играчките младите организираат собирни акции на играчки во 6 основни училишта во Битола и една акција отворена за сите граѓани на Широк сокак. Со тоа тие успеваат да соберат доволно играчки за сите деца од нивната целна група и пред донирањето ги сортираат играчките соодветно на возраста на децата.

Изработиле: Сафет Асановски, Стефан Мицевски, Арбнора Абдиу, Сара Бошевска, Олгица Шапковска, Ментор: Тања Стаматова
Дисеминатор: Ангела Србиноска

**ООЦК Битола – *„Детските раце прават чуда“***

Целта во овој проект беше да се помогне на една самохрана мајка и нејзината болна 17 годишна ќерка, така што ќе им се обезбеди кујнски прибор, храна и електричен шпорет. По истражувањето на потребите младите оргагнизираат креатвни работилници на кои изработуваат најразлични рачни изработки и потоа преку организација на 2 продажни акции тие успеваат да соберат доволно средства и да донираат на семејството доволно храна за 2 месеци, кујнски прибор и електричен шпорет.

Изработиле: Андреа Шундовска, Евгенија Мицеска, Аделина Фејзула, Јетмир Тефиковски, Ема Трајковска, Стефанија Стојчевска -ментор
Дисеминатор: Ангела Србиноска

**ООЦК Битола – *„Една е мајка“***

Младите во овој проект имаа за цел да помогнат на 16 самохрани мајки и нивните деца така што ќе им обезбедат храна, облека, школски прибор и хигиенски производи. За да ги обезбедат потребните продукти и предмети младите организираа собирни акции во 3 основни и 4 средни училишта во градот на кои се собраа доволно средства за потоа да се направат пакети со храна, облека, хигиенски производи и школски прибор за секое семејство.

Изработиле: Анастасија Христовска, Ивана Ангеловска, Афердита Шефкиовска, Ана Дрогришка, Ментор: Ана Гунзовска
Дисеминатор: Ангела Србиноска

**ООЦК Битола – *„Социјализираќи се учиме и помагаме заедно"***

Целта во овој проект беше да се обучат децата од Завод за рехабилитација за деца со оштетен слух и говор-Кочо Рацин, од 12-15 годишна возраст, за прва помош и да се дружат со волонтерите. Со таа цел младите оргазнираат една обука за децата на која им ги прикажаа најчестите повреди и како да постапат, а потоа реализираа и работилница на која волонтерите се дружеа со децата од заводот.

Изработиле: Евгенија Мицеска, Андреа Шундовска, Аделина Фејзула, Јетмир Тефиковски, Ема Трајковска, Стефанија Стојчевска -ментор
Дисеминатор: Ангела Србиноска

**ООЦК Битола – *„Биди херој, спаси нечиј живот"***

Целта во овој проект беше да се запознаат учениците од 10 основни училишта во Битола со основите на првата помош. За таа цел младите организираат неколку обуки низ училиштата и успеваат да едуцираат 1050 ученици, а покрај тоа преку собирна акција обезбедуваат доволно средства за да купат 10 кутии за прва помош и материјали за преврски, кои ги донираат на училиштата каде што се одржани едукациите.

Изработиле: Дејан Трајковски, Мирјета Ајдаровска, Благој Тошев, Марија Коруновска
Дисеминатор: Ангела Србиноска

**ООЦК Битола – *„Креативноста од детските главчиња"***

Целта во овој проект беше да се прошири и утврди знаењето во одредени области преку игри и едукативни работилници кај децата на возраст до 12 години во основни училишта, деца со посебни потреби и деца од депандансот за оштетен вид, слух и говор. За да го остварат замисленото младите

организираат 8 работилници низ основните училишта и во депандансот за деца со оштетен вид, слух и говор преку кои го проширувaат и утврдуваат знаење во областа на Црвениот крст, образованието, општата култура, сообраќајната култура, бон тон, човекови права и правата и обврските на децата.

Изработиле: Маја Милошевска, Дејан Трајковски, Матеа Цветковска, Андреј Чурлиновски, Димитар Георгиев, Кристина Талевска
Дисеминатор: Ангела Србиноска

**ООЦК Битола – *„Слатки, а еднакви“***

Корисници на овој проект беа всушност новодијагностицираните лица со дијабетес и долгогодишните дијабетичари во Битола.
Младите кои го изработуваа проектот имаа за цел да им овозможат простор на овие лица да разменуваат искуства за болеста и инсулински пенкала.
Преку повеќе едукативни предавања тие го запознаваат населението за болеста, започнуваат да формираат здружение на дијабетичари во Битола со што формираат место за размена на инсулински пенкала.

Изработиле: Сафет Асановски, Матеа Цветковска, Божидар Николовски, Драгана Велјановска, Тања Стаматова-ментор
Дисеминатор: Ангела Србиноска

**ООЦК Битола – *„Со друштвена игра, до полно меше“***

Целта на овој проект беше да се обезбеди бебешко млеко за едномесечното бебе на една самохрана мајка. За да го обезбедат млекото младите организираат турнир во бељот, позната игра со карти во Битола, преку кој собираат 1000 денари и успеваат да купат млеко за бебето за период од еден месец.

Изработиле: Никола Маурдев, Благој Тошев, Селајдин Веселинов, Симона Митревска-ментор
Дисеминатор: Ангела Србиноска

**ООЦК Битола – *„Матурантот со посебен сјај во очите“***

Во овој проект младите имаа за цел да ја обезбедат облеката за матурата на еден матурант кој доаѓа од семејство во социјален ризик. За да успеат во тоа младите активно бараа донации од битолските бутици, за да еден од нив им излезе во пресрет и им ја донира сета потребна облека за матурата.

Изработиле: Селајдин Веселинов, Теодора Темелковска, Илија Талевски, Абдула Мемедовски-ментор
Дисеминатор: Ангела Србиноска

**ООЦК Велес – *„Хуманоста пред се“***

Младите од овој проект решиле да помогнат на едно 6 членото загрозено семејство така што ќе им го ликвидираат долгот на фирмата што ја поседувале.
За да ги соберат потребните средства тие организирале проекција на анимиран филм во ОУ „Васил Главинов“, хуманитарен пинг понг турнир и собирна акција. Со тоа тие успеале да соберат 7000 денари кои биле доволни за да се ликвидира долгот од фирмата, а семејството да може да почне непречно да прима здравствено осигурување и да користи други социјални бенефиции.

Изработиле: Габриела Лескова, Ивана Клифова, Бојана Ангелова, Даниела Давиткова , Катерина Велевска
Дисеминатор: Ирина Стојковска

**ООЦК Велес – *„За подобра иднина“***

Со овој проект младите сакале да помогнат на една самохрана мајка, така што ќе и пронајдат работа, која после смртта на својот сопруг останала без финансики примања.
При разговор со секретарот на општинската организација на Црвен крст – Велес, тој им кажал дека се осолободило работно место за медицинска сестра во програмата „Грижа за стари лица“ во Велес, што на младите им се видело како одлична шанса да ја вработат мајката, која по професија била медицинска сестра. После месец дена пробна работа таа добила договор за работа, со што таа понатаму ќе има редовни примања и ќе може да си го издржува синот.

Изработиле: Магдалена Анастова, Тања Димовска, Александра

Костовска, Горазд Трендафилов, Марија Атанасова
Дисеминатор: Ирина Стојковска

**ООЦК Велес – *„Мало дете, голема љубов"***

Целта на овој проект беше да се соберат парични средства за да се помогне во терапијата и лекувањето на едно дете. За да се оствари целта младите организираат хуманитарен концерт на кој има настапи на учениците од музичкото училиште, од КУД и балетски точки, покрај тоа имаат и собирни акции по основните и средните училишта и домовите. Собираат 23 466 денари кои ги донираат на семејството на детето за неговата терапија и лекување кои се неопходни за неговиот правилен раст и развој.

Изработиле: Александра Пешова, Сандра Јованова, Ивана Андреевска, Ивона Андреевска, Крис Боризоски
Дисеминатор: Ирина Стојковска

**ООЦК Велес – *„За топол дом"***

Младите од овој проект сакаа да помогнат на едно 6 члено социјално загрозено семејство така што ќе им обезбедат донации и средства за помош при доизградба на нивната куќа. Преку барање на донации тие успеваат да обезбедат покуќнина и градежен материјал за куќата, а преку прикажување на анимиран филм и поставување на кутии за донации во 2 средни училишта успеваат да купат училишен прибор за децата и пакети со хигиенски и прехранбени производи.

Изработиле: Емилија Алексовска, Викторија Ставровска, Анета Настовска, Ангел Станкоски, Наталија Петровска
Дисеминатор: Ирина Стојковска

**ООЦК Кисела Вода-Скопје – *„Од топло срце до топол дом"***

Овој проект имаше за цел да помогне на едно 21 годишно момче кое има атрофија на мускулите и му е потребна посебна справа за вежбање која би довела до подобрување на неговата состојба со мускулатурата.
За да ја обезбедат истата младите организираа продажба на рачни изработки по

повод 8 март, собирна акција во 2 основни училишта и едно средно училиште и хуманитарна театарска претстава подготвена од нив самите. Со тие активности се собрани 17 789 денари и е купена потребната справа, како и пакет прехрамбени продукти, од типот на брашно, шеќер, зејтин, сол, но и овошје и зеленчук.

Изработиле: Слободанка Трајковска, Димитрија Велески, Алек Ѓорѓиевски-ментор
Дисеминатор: Тамара Ѓуроска

**ООЦК Кисела Вода –** ***„Подари внимание, измами насмевка“***

Целта во овој проект беше помош на едно семејство со тоа што ќе им се обезбеди правосмукалка и теписони, со кои ќе ги заменнат старите и веќе уништени. Во текот на проектот беа реализирани 2 хуманитарни хепенинга на кои беа изложени рачни изработки и една собирна акција со кои се собраа доволно парични средства за да се купи правосмукалка и 2 теписона за семејството.

Изработиле: Јована Ладимировска, Елена Бабунска, Алек Ѓорѓиевски-ментор
Дисеминатор: Тамара Ѓуроска

**ООЦК Кисела Вода –** ***„Дарувај од срце за срце“***

Целта на младите кои го изработуваа овој проект беше да се подобри положбата на штитениците на Здружението за лица со тешка интелектуална попреченост Порака во ТЦ „Бисер“. Во текот на проектот младите реализираат собирна акција во средното стручно училиште „Васил Антевски – Дрен“, организираат хуманитарен фолклорен концерт, хуманитарен фудбалски турнир и бараат спонзорства од фирмите во градот. По извршувањето на планираните активности се обезбедуваат потребните материјали и производи за здружението: 1 пакет харибо бонбони, 15 пакети ПЕЛИСТЕРКА производи, 4 пакети производи од Колид, соковник, тостер, касетофон, правосмукалка, блендер, ренде, принтер, 3 топа хартија и многу училишен прибор. Како за крај на нивниот проект тие организираат и креативна работилница заедно со штитениците од здружението.

Изработиле: Наумовска Маја, Бојковска Магдалена, Божиновска Лидија, Тодоровска Вероника, Тодоровска Михаела, Стефан Мишовски Трипчевски-ментор
Дисеминатор: Тамара Ѓуроска

**ООЦК Кисела Вода – *„Хуманоста пред се“***

Целта во овој проект беше да се обезбедат финансиски средства за операција која му е потребна на Денис за да се подобри неогвата здравствена состојба. За да можат да ги обезбедат финансиите младите организираа повеќе собирни акции во 5 основни и едно средно училиште преку кои собраа 39 750 денари и ги донираа на сметката на Денис.

Изработиле: Александар Николовски, Сандра Николовска, Радица Момировска, Никола Николовски
Дисеминатор: Тамара Ѓуроска

**ООЦК Прилеп – *„Мобилност кон културата“***

Целта на овој проект беше да се изградат пристапни рампи пред киното и ликовната галерија во Домот на културата во Прилеп.
Преку организација на хуманитарна трка во соработка со учениците од средното училиште „Мирче Ацев, која се одржа на обиколницата околу „Могилата на непобедените“, но и одржување на квиз на знаења за Црвениот крст во основното училиште„Климент Охридски“, се собраа 7 250 денари со кои се изградија 2 пристапни рампи пред Домот на културата во Прилеп.

Изработиле: Теодора Тасевска, Андреј Кироваков, Ивона Дамеска, Антонио Николоски, Далибор Димоски – ментор
Дисеминатор: Игор Нанески

**ООЦК Прилеп – *„Да подариме кров над глава“***

Младинците од овој проект решиле да помогнат во реизградбата на опожарената куќа на 10 члено ромско семејство од Прилеп.
За да ја остварат својата цел тие организирале хумантарен фудбалски турннир во две училишта во нивниот град, со што собрале 14 000 денари. По посетата на фирмата од каде што купувале материјали, тие успеале да обезбедат и

дополнителни донации на материјали кои биле доволни за целосна реновирање на куќата на семејството.

Изработиле: Моника Итова, Тамара Атанасоска, Далибор Димоски -ментор
Дисеминатор: Игор Нанески

**ООЦК Прилеп – *„Биди хуман, подари среќа"***

Целта на младите во овој проект беше да се обезбедат алишта кои ќе може нивниот соученик да ги носи на екскурзијата. За да ја остварат целта младите бараат донации од локалните бутици во чаршијата со што успеваат да обезбедат ваучери во вредност од 4 000 денари и со тоа се купени потребни облеки за соученикот.

Изработиле: Анастасија Ристеска, Олгица Ѓорѓиевска, Марија Митрикеска, Филип Петрески, Надица Дојкоска, Ивана Јованоска-ментор
Дисеминатор: Игор Наневски

**ООЦК Прилеп – *„Подади рака на секој на кој му е потребна помош"***

Цел во овој проект беше да се обезбеди покуќнина и мебел на 10 члено семејство од с. Беровци и со тоа да им се подобрат барем малку условите за живот. По реазлизрањето на потребите на семејството им е донирано тостер обезбеден од продажбата на Велигденски јајца, три кревети, еден брачен кревет, маса со столици и неколку комоди и други потребни нешта, обезбедени преку донација од едно семејство и преку органзиација на еко акција низ повеќе училишта во градот.

Изработиле: Веселина Шојлеска, Елена Здравеска, Евгенија Ачкоска, Ева Крстеска, Лилјана Илиоска-ментор
Дисеминатор: Игор Наневски

**ООЦК Прилеп – *„Цветови за Медет"***

Целта во овој проект беше помош на Медет, самохрана мајка, и нејзината ќерка, преку обезбедување на прехранбени и други средства со кои ќе и се помогне и

подобри животот. За да ги обезбедат потребните работи младите организираа една собирна акција на облека и бебешки работи во нивното училиште, собирна акција за парични донации од кои успеаа да обезбедат средства за да купат хартија и да изработат цветови кои потоа ги продаваа на плоштадот во нивниот град за време на празникот Цветници. Со реализација на активностите тие успеаа да обезбедат пакети со прехранбени и хигиенски продукти, 3 пакети со облека, 1 количка за бебе и столица за јадење.

Изработиле: Божидар Чурлиноски, Игор Моцаноски, Ивана Јованоска, Елена Гвероска, Марко Чурлиноски-ментор
Дисеминатор: Игор Наневски

**ООЦК Прилеп –** ***„Секој човек заслужува насмевка“***

Младите од овој проект имаа за цел да направат социјализација на штитениците од ЦПЛИП Порака и десензитивизација на општото население за овие лица дека и тие ги имаат истите потреби и проблеми како и сите други. За да го постигнат тоа тие реализираат 12 креативни работилници на најразлични теми и една изложба во Домот на културата Марко Цепенков.

Изработиле: Елена Врбоска, Ангела Настовска, Стефан Трајкоски, Ивана Јованоска-ментор
Дисеминатор: Игор Наневски

**ООЦК Прилеп –** ***„Да подадеме рака за надеж“***

Целта на младите кои го изработува овој проект беше да задоволат дел од секојдневните потреби на бабичката и нејзината внука со посебни потреби и барем малку да им ја вратат позитивната енергија. По истражувањето на потребите на ова семејство младите организираат и реализираат хуманитарен литературно-ликовен конкурс со кој собираат доволно средства за да им обезбедат прехранбени и хигиенски продукти, една прекривка за девојчето, 2 перници и две навлаки за перници, а покрај тоа преку директни донации од граѓаните тие успеваат да им обезбедат и кревет за девојчето, специјализиран за лица со посебни потреби, и машина за перење на алишта.

Изработиле: Конеска Викторија, Гулабоска Марија, Мирческа Симона, Димоски Далибор-ментор

Дисеминатор: Игор Наневски

**ООЦК Виница – *„Нашите идеи-нечија насмевка“***

Целта на младите кои го изработуваа овој проект беше да се обезбедат на потребните апарати за домакинството на едно семејство во село Лески. По изтражувањето на потребите за ова смејество младите оргазнираат и реализираат повеќе акции: собираат донации од локалните фирми, органзираат првоаприлски маскенбал, имаат собирен штанд на градскиот пазар и пред Домот на културата, реализираат проекција на цртан филм и презентација за здравјето во едно основно училиште. Со тоа тие успеваат да обезбедат плочки, поликолор, фуга и лепак, пакет производи храна, два теписи и плакар за семејството.

Изработиле: Тамара Вучкова, Маја Спасова, Марија Митева, Нина Лазарова, Клара Пирејска
Дисеминатор: Михаил Манасиев

**ООЦК Виница – *„Со здружени раце до постигната цел“***

Младите кои го изработуваа овој проект имаа за цел да овозможат компјутерска технологија на едно семејство. За да го остварат замисленото тие организираа проекција на филм по градинките во градот, хуманитарна забава и собирна акција низ Виница. Со тоа тие успеаа да соберат доволно средства и да обезбедат лаптоп, звучници, слушалки и глувче.

Изработиле: Јована Митровска, Верче Ѓеоргиева, Здравко Димитров, Бојан Димитров, Сара Јосифова, Јован Соколов
Дисеминатор: Михаил Манасиев

**ООЦК Виница – *„Со повеќе труд до поголема насмевка“***

Целта на младите кои го изработуваа овој проект беше да се реновира една просторија во ОУ „Гоце Делчев“ за да може да се овозможи место за работа на дефектологот со децета кои имаат посебни потреби и учат во тоа училиште. За да можат да го направт тоа младите организираат хуманитарна првоаприлска забава во нивното училиште и со тоа тие успеваат да соберат доволно средства

за да обезбедат ламинат, боја, биро, стол, 2 фотелји, плакар, висечки полици и дел од материјалите за работа на дефектологот.

Изработиле: Бојана Евтимова, Кристина Милчева, Клара Јовановска, Ана Стојкова, Кети Атанасова, Благица Костадинова, Васе Стоименовски
Дисеминатор: Михаил Манасиев

**ООЦК Ресен – *„Се радуваме на мали работи“***

Целта на овој проект беше да ги насмевнат малечките лица на децата од градинката„11 Октомври“-Ресен така што младите кои го изработуваа проектот обезбедија бои и вуница и преку креативна работилница со здружението „Мобилност“-Ресен тие направија мартинки кои потоа ги поделија на децата во градинката.

Изработиле: Ана Крстановска, Марија Настевска, Калина Котевска, Лазар Дечков, Јована Ефтимовска
Дисеминатор: Ивона Радевска

**ООЦК Ресен – *„Една прегратка, една насмевка плус“***

Целта на младите кои го изработуваа овој проект беше да се направи мало дружење со децата со телесен инвалидитет од здружението Мобилност – Ресен и да се обезбедат потребните средства за извршување на нивните секојдневни активности.
За да го остварат замисленото младите оргазнираат креативни и забавни работилници секој петок во текот на месеците март и април на кои цртаат, изработуваат мартинки и се дружат децата од здружението заедно со волонтерите, покрај тоа младите поставуваат и кутии за донации во локалните кафулиња преку кои обезбедуваат доволно средства за да им обезбедат боенки, фломастери, дрвени боички, пластелини и хартија, материјали кои се потребни за секојдневните активности на овие деца.

Изработиле: Марија Настевска, Лазар Дечков, Калина Котевска, Ана Крстановска, Јована Ефтимовска
Дисеминатор: Ивона Радевска

**ООЦК Ресен – *„Подари лек, подари живот“***

Целта на младите од овој проект беше да соберат средства за операција и лекови за Мухамед и Урие. За таа цел тие организираа хуманитарна забава во кафуле каде што поставија касичка за донации. Од забавата младите успеаа да соберат 2 140 денари и да набават лекови и храна за Мухамед и Урие.

Изработиле: Сара Мановска, Илија Наумовски, Јован Пецалевски, Надица Кремшовска, Елена Масалковска
Дисеминатор: Ивона Радевска

**ООЦК Ресен – *„Чисти раце за здрава иднина“***

Целта на младите кои го изработуваа овој проект беше да одржат предавање за хигиенизација и забоздравствена заштита на децата од основното училиште „Славејко Арсов“ во с.Подмочани и со тоа да ги научат да го чуваат своето здравје, да знаат како да се заштитат и како да дејствуваат во потребен момент. Преку реализација на ова едукативно предавање вкупно 45 ученици од 1-во до 5-то одделение имаа можност да се стекнат со знаења за здравите хигиенски навики и забоздравствена заштита кои водат кон подобро здравје и исто така да ја подигнат сопствената свест и едуцираноста за хигиената, хигиенската практика и хигиенското однесување.

Изработиле: Александра Начевска, Марија Тасевска, Стефан Василевски, Никола Тосковски, Калина Котевска
Дисеминатор: Ивона Радевска

**ООЦК Ресен – *„Биди хуман, биди здрав“***

Целта на младите кои го изработуваа овој проект беше да обезбедат набавка на одредени видови на наставни средства со кои би се олеснила воспитно-образовната работа на часовите по физичко и здравствено образование како и подигнување на свеста кај младинците за одржување на здрав начин на живот во двете основни училишта во Општина Ресен „Гоце Делчев“ и „Мите Богоевски“, и средното општинско училиште СОУ „Цар Самоил“. За да можат да ги обезбедат потребните работи и да ја подигнат свеста за здравиот начин на живот младите организираат марш низ Ресен преку кој дополнително собираат и парични донации со кои обезбедуваат конуси и јажиња за училиштата.

Изработиле: Надица Кремшовска, Илија Наумовски, Сара Мановска, Елена Масалковска
Дисеминатор: Ивона Радевска

**ООЦК Ресен – *„Со труд до насмевка“***

Целта на младите кои го изработуваа овој проект беше да преку заедничка соработка со децата со посебни потреби при„Дневен Центар - Ресен", се изнудат насмевки на нивните лица и да се донираат нагледни средства за задоволување на нивните потреби како и помош за подобрување на нивните моторни способности. Со таа цел младите организираат неколку работилници во дневниот центар на кои изработуваат магнети, а потоа волонтерите ги продаваат истите на првоаприлското дефиле во нивниот град. Со реализација на продажната акција тие успеваат да соберат доволно парични средства за да купат огледало за во центарот и да обезбедат нагледни средства и дидактички помагала за децата.

Изработиле: Марија Тасевска, Александра Начевска, Стефан Василевски, Калина Котевска, Никола Тосковски
Дисеминатор: Ивона Радевска

**ООЦК Ресен – *„Подари и помогни“***

Целта на младите кои го изработуваа овој проект беше да обезбедат храна за едно социјално загрозено семејство од село Јанковец, а целта ја остваруваат така што обезбедуваат донации од страна на продавниците во Ресен кои несебично се вклучија во ова хуманитарна акција на младице.

Изработиле: Надица Кремшовска-лидер, Илија Наумовски, Сара Мановска, Елена Масалковска, Јован Пецалевски
Дисеминатор: Ивона Радевска

**ООЦК Ресен – *„За среќа е потребно малку“***

Целта во овој проект беше да се направи набавка на бојлер за едно семејството во кое двајцата родители се невработени, а покрај тоа таткото и едно од децата се со нарушено физичко здравје. По истражување на потребите на семејството младите волонтери наоѓаат донација на бојлер од локална фирма, а потоа обезбедуваат и донации со прехранбени и хигиенски производи од локалните

продавници.

Изработиле: Илија Наумовски, Јован Пецалевски, Надица Кремшовска, Елена Масалковска, Сара Мановска
Дисеминатор: Ивона Радевска

**ООЦК Ресен –** ***„Подарокот е насмевка“***

Младите од овој проект сакаа да му помогнат на 5 годишниот Никола, кој живее со неговата мајка, така што ќе му купат велосипед. За да го обезбедат велосипедот волонтерите набавиле материјали од донатори и направиле честитки кои потоа ги продавале по институциите во нивниот град, а собраните средства биле доволни за да се купи велосипедот на Никола.

Изработиле: Александра Начевска, Марија Тасевска, Стефан Василевски, НиколаТосковски, Калина Котевска
Дисеминатор: Ивона Радевска

**ООЦК Ресен –** ***„Помгајќи им на другите, си помагаме сами на себе“***

Целта во овој проект беше да се обезбедат храна, облека, постелнина и ќебиња на едно социјално загрозено семејство во кое самохраната мајка е невработена, а живеат во трошна барака кои самите ја имаат изградено од штици и лим. Преку организација и реализација на продажна акција на честитки и бомбони за Денот на жената, младите успеваат да соберат доволно средства и да обезбедат постелнина, ќебиња, перници, мини шпорет, облека и обувки за децата.

Изработиле: Александра Начевска, Марија Тасевска, Стефан Василевски, Никола Тосковски, Калина Котевска
Дисеминатор: Ивона Радевска

**ООЦК Пробиштип –** ***„Преку култура да ја изразиме хуманоста“***

Целта на младите кои го изработуваа овој проект беше да помогнат на една баба од с.Стрмош, Пробиштипско, која има 68 години и живее со минимални примања, да и обезбедат шпорет со кој ќе може сама да си го пече лебот.
Преку организирање на хуманитарна претстава собрани се доволно парични средства и е обезбеден шпоретот, покрај тоа преку донација и собирање на парични средства младите обезбедија хигиенски производи, брашно со кое ќе

може да пече леб во новата рерна цело лето, а од залихата на облека во просториите на Црвениот Крст е одбрана облека која одговара на нејзината возраст.

Изработиле: Никола Пауновски, Јана Милевска, Марија Митевска.
Дисеминатор: Сара Милојчевска

**ООЦК Пробиштип – *„За Александра, со хумано срце и спортски дух"***

Целта на младите кои го изработуваа овој проект беше да помогнат на Александра која има 35 години и чиј вид е оштетен и постои можност целосно да го загуби, доколку не замине на операција во Русија.
За да соберат парични средства и да и помогнат на Александра, младите организираа турнир во одбојка со кој го мобилизираа целиот град да земе учество и да донира, покрај тоа тие имаа и продажен штанд за време на велигденскиот хепенинг во нивниот град на кој продаваа украсни јајца.
Со реализација на активностите тие успеаа да соберат 14 000 денари и да ги донираат на сметката за донации на Александра.

Изработиле: Драгана Терзиќ, Ана Михајловска, Тамара Андова, Кристина Атанасовска, Викторија Мијалчева-ментор
Дисеминатор: Сара Милојчевска

**ООЦК Пробиштип – *„Сподели добрина, дарувај насмевка"***

Целта на младите кои го изработуваа овој проект беше да се обезбеди облека, хигиенски средства и прехранбени продукти за едно 8 члено семејство од Пробиштип. За да го остварат замисленото тие организираат 2 собирни акции, едната за облека, а другата за парични, прехранбени и хигиенски средства. Со тоа тие успеваат да соберат доволно продукти за семејството и им ги донираат сите собрани хигиенски средства, прехранбени продукти и облека, а дополнително со собраните пари обезбедуваат училишен прибор за децата во семејството.

Изработиле: Анастасија Маркова, Ана Јовановска
Дисеминатор: Сара Милојчевска

**ООЦК Пробиштип – *„Хуманост во луѓето, светлина во светот“***

Целта на младите кои го изработуваа овој проект беше да се обезбедат доволно парични средства за купување на хигиенски средства, прехрамбени продукти, покуќнина и да се обезбеди облека за целото семејство. По увидување на потребите младите организираат турнир во баскет на кој собираат доволно финасии и обезбедуваат облека, пакет со прехнабени производи, хигиенски продукти, кујнски прибор, јастуци, постелнини, кебиња и биро за семејството.

Изработиле: Ива Маркова, Марија Јовановска, Тамара Амповска, Викторија Стојанова, Анжелика Митева, Христијан Сенев, Ангела Тодосова- ментор
Дисеминатор: Сара Милојчевска

**ООЦК Пробиштип – *„Заедно за Андреј“***

Целта на младите кои го изработуваа овој проект беше да се помогне со парични средства на младото момче Андреј, кој има 16 години и е потребно да се направи трансплатација на матични клетки во Кина. За да обезбедат што е можно повеќе парични средства младите организираат низа на акции во нивната околина, тие организираат собирни акции по училиштата, труннири во фудбал и одбојка, забава со познати локални ди-џеи, а исто така обезбедуваат и парите од картите за одбојкарскиот Куп на Македонија да се донираат за младиот Андреј. Со реализација на сето тоа младите успеваат да соберат 70 000 денари и ги донираат на сметката направена за собирање донации за лекувањето на Андреј.

Изработиле: Антонија Митева, Марија Јовановска, Ивона Кузманова, Ангела Тодосова, Анастасија Маркова, Јована Пановска; ментор: Викторија Мијалчева
Дисеминатор: Сара Милојчевска

***ООЦК Пробиштип – „Деца со потреба од љубов“***

Целта на младите кои го изработуваа проектот беше да се одржи креативна работилница со децата од дневниот центар за лица со посебни потреби во Пробиштип и да им се обезбеди училишен прибор. Младите во текот на проектот одржуваат 2 креативни работилници и продажба на ракотворби, со

која собираат 1000 денари и обезбедуваат сликовници, моливи и прибор за децата од дневниот центар.

Изработиле: Ивона Кузманова, Елена Тодосова, Никола Пеншов, Александар Бранковски, Викторија Мијалчева-ментор
Дисеминатор: Сара Милојчевска

**ООЦК Гевгелија –** ***„Дружба и работни активности со децата од Дневен центар"***

Целта во овој проект беше едукација и дружење со штитениците од Дневен центар -Гевгелија и нивните негуватели. Во текот на проектот младите реализираа работилници со децата од дневниот центар преку кои обострано учеа за состојбата во која се наоѓаме што значи да си здрав и како изгледа да си немоќен и да зависиш од друго лице, задолжително одеа два дена од седмицата во Дневниот центар и работеа со штитениците на центарот, одржуваа работилници за рециклирање на хартија,додека-во последните неколку дена спремаа велигденски изработки од гипс и силиконски калапи и истите ги продаваа по училиштата учениците да ги бојадисуваат на часовите по ликовна уметност. Со тоа младите помогнаа во социјализација и мотивација на штитениците од Дневниот центар.

Изработиле: Проше Митовски, Александра Лазарова, Магдалена Шуклева, Љупчо Димов
Дисеминатор: Марија Танева

**ООЦК Гевгелија –** ***„Хуманитарна помош за малата Ивана"***

Младите од овој проект имаа за цел да помогнат на 8 годишната Ивана да оди на операција за да се подобри нејзината здравствена состојба. За да соберат што повеќе финаскиски средства младите прават плакати со апелот, телефонските броеви за донации и жиро сметката, кои потоа ги лепат низ локалите во градот, покрај тоа тие организираат и продажен штанд со сендвичи и сокови и собирна акција за време на први април. Собраните средства младите ги донираат на жиро сметката на малата Ивана.

Изработиле: Татјана Симонова, Елена Василева, Надица Дучкова, Антонија Ризова, Марија Цимешиќ

Дисеминатор: Марија Танева

**ООЦК Гевгелија – *„Природа, најдобриот пријател на здравјето“***

Целта на младите од овој проект беше да создадат навика за континуирана посета на локалитетот Негорски бањи секоја сабота кај учениците од гимназијата во Гевгелија. Преку информирање на учениците со флаери и постери младите успеаа да ги организираат прошетките до Негорски бањи и таму реализираат најразличн активности како јога, натпревари во вртење хулахопи, скокање во вреќи и други слични активности.

Изработиле: Ванеса Маркова, Делфина Мицева, Велика Димова, Дајана Стојанова, Марија Крстевска
Дисеминатор: Марија Танева

**ООЦК Гостивар – *„Помонете им на оние кои се различни од вас“***

Целта на младинците кои го сработуваа проектот беше да се подобрат условите во тоалетот во детската болница во Гостивар, но исто така да се помогне и на едно семејство така што ќе им се обезбедат прехранбени продукти и електричен шпорет.
За оставрување на целта младинците организираа продажба на слики и хуманитарна забава со што обезбедија доволно средства за да им купат на семејството прехранбени продукти и електричен шпорет, додека преку донации успеаа да ги обезбедат потребните материјали за да го реновираат тоалетот во болницата.

Изработиле: Кадиме Абази, Блерина Фидани, Shqipe Kaso, Gjilfidone Memedi, Zogza Saiti, Yll Selimi
Дисеминатор: Самије Ибиши

**ООЦК Гостивар – *„Ние не можеме да помогнеме на сите, но сите можат да помогнат некому“***

Целта на овој проект беше да се изгради ѕидот и тоалетот во куќата на едно петчлено семејство, кои имаат 42 годишен син со хендикеп и вдовица со мало дете.

Откако разбрале за потребите на семејството преку интернет и весници, младинците организирале собирни акции преку кои собрале 8 000 денари, додека сите други потребни средства биле донации од фирми од градот и со тоа успеале целосно да го изградат тоалетот и да реновираат соба во домот на семејството.

Изработиле: Fjolla Jakupi, Mjellma Ejupi, Sara Ismaili, Hafsa Fazliji, Aron Alili, Ensar Saliu
Дисеминатор: Самије Ибиши

**ООЦК Гостивар –** ***„Со хуманост до училишна клупа“***

Младинците од овој проект си поставија за цел да помогнат на едно мало ромско девојче кое постојано го гледале во нивната околина. При истражувањето тие увидоа дека девојчето не е запишано во училиште и живее во тешки услови поради што не може да и се обезбедат основните потребни работи за на училиште, како облека, прибор и ранец.
Од овие причини, тимот одлучува да ги преземе сите мерки за да реализира упис на девојчето во прво одделение. Закажуваат состанок со директорот на училиштето за да им објасни кои документи им се потребни. Успеваат да извадат и извод од матична книга на родени, и да ги обезбедат и поднесат неопходните документи за упис во прво одделение.
Во меѓувреме, дополнително се трудат да го научат девојчето на некои предзнаења кои треба да ги има пред да тргне во училиште, со цел подобро вклопување. Во текот на една недела, секој ден заедно бојат, учат бројки, букви, домашни и диви животни, и читаат приказни.
Младинците од проектот успеваат да обезбедат облека и материјали за училиште, вклучувајќи и училишен ранец.

Изработиле: Николина Симјаноска, Ивана Алексоска, Елизабета Мојсоска, Ивона Маџоска, Маја Пандилоска, Добрица Цветкоска
Дисеминатор: Гордана Михајлоска

**ООЦК Гостивар –** ***„Прегрни ја реткоста“***

Целта на младите кои го изработуваа овој проект беше да направат социјализација на специјалната паралелка при ОУ„Мустафа Кемал Ататурк" преку еднонеделно дружење на кое ќе се изработуваат маски. Преку собирање

на донации низ градот собрани се доволно средства за обезбедување на материјалите за изработка на маските и изработени се маски за секој ученик, како и за училишната изложба.
По изработка на маските волонтерите заедно со учениците присуствуваа на хуманитарна забава под маски во центарот на градот, а како резултат на соработката на секое дете тој ден му беше доделен оброк.

Изработиле: Матеа Попоска, Ангела Ангелкоска, Анастасија Јосифовска, Симона Исајлоска, Александра Алексоска, Борис Ристоски, Александар Јанкоски
Дисеминатор: Гордана Михајлоска

**ООЦК Гостивар – *„Биди причина за нечија насмевка“***

Целта на овој проект беше поддршка на работата на ургентниот центар во болницата во Гостивар, преку донирање на постелнина за креветите во центарот. За да ја остваарат оваа своја цел младинците организирале голем турнир во мал футбал во кој учествувале 26 екипи од различни училишта од градот.
На овој начинн тие успеале да соберат финансиски средства со кои потоа набавиле 10 комплети јастуци и чаршафи и ги донирале во центарот. Младинците покрај ова купиле и различни бои и лакови за реновирање на дневниот центар за деца со посебни потреби во Гостивар.

Изработиле: Јакуп Синани, Емине Мемеди, Вуллнет Исмаили, Ениса Рамадани, Бесмир Селими, Ајнур Хамити
Дисеминатор: Самије Ибиши

**ООЦК Гостивар – *„Биди хуман, подари насмевка“***

Целта на младите кои го изработуваа овој проект беше да се подобрат условите за живот со донирање на храна, облека и хигиенски средства на едно социјално загрозеното семејство.
За да ги обезбедат потребите младите волонтери органзираат хуманитарна првоаприлска забава на нивниот плоштад преку која со собраните парични средства и донациите од граѓаните успеваат да обезбедат пакети со храна и средства за хигиена, врата, прзорец, кревет, чешма, облека, постелнини, тепих и телевизор за семејството.

Изработиле: Симона Јанакиеска, Симона Петковска, Тамара Костоска, Изабела Димоска, Моника Бадиоска, Ангела Анѓелкоска, Даниела Димитриеска
Дисеминатор: Гордана Михајлоска

**ООЦК Гостивар – *„Почуствувај, врати ја насмевката“***

Целта на овој проект беше помош на децата со посебни потреби. За да ја остварат оваа своја поставена цел младинците кои го реализираа овој проект одлучиле еднаш до двапати неделно да посетуваат 15 деца кои се дел од специјалната паралелка при основното училиште “Исмаил Ќемали” и 6 деца од дневниот центар за деца со посебни потреи во во невладината организација “Dallëndyshe”, заедно со нив да се дружат, другаруваат и забавуваат. Покрај ова младинците организирале и продажба на украси, а со собраните средства набавиле правосмукалка и машина за перење на теписи, која подоцна ја донирале на паралелката. Тие исто така организирале и прошетка во Зоолошката градина со дечињата од центарот.

Изработиле: Ганимете Незири, Агнеса Лимани, Арлинда Емрули, Венхар Селмани, Албнор Сулејмани, Сара Асани
Дисеминатор: Самије Ибиши

**ООЦК Гостивар – *„Подари, бидејќи и ти можеш да имаш потреба да земеш“***

Целта на овој проект е собирање на средства за набавка на проектор за потребите на едно средно училиште во Гостивар. За да ја остварат оваа своја цел младинците организирале голема мултиетничка забава, на која биле присутни млади од сите етнички групи кои живеат во Гостивар. Младите заедно пееле и се забавувале, надминувајки ги стереотипите и предрасудите, давајки еден прекрасен позитивен пример на своите врсници и сограѓани. Со заеднички сили, а преку забава и дружење, тие успешно ги собрале средствата потребни за набавка на проекторот, кој потоа бил дониран на училиштето.

Изработиле: Јехона Салиу, Војкан Михајлоски, Елеида Сулејмани, Азра Сулејмани, Мухамет Ибрахими, Берат Илјази, Владимир Ристоски, Стефан Јовановски
Дисеминатор: Самије Ибиши


redcross.org.mk
skopje-redcross.org.mk